# ГЛАСИЛО
# GAZETË

Октомври 2024
Tetor 2024



## ЗЕЛС
ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## BNJVL
BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

ПОШТАРИНА ПЛАТЕНА
ВО ПОШТА 1020 СКОПЈЕ



Почитувани,

На почеток на октомври, Комисијата за следење на развојот на системот на финансирање на општините ги усвои предлог-уредбите за распределба на блок дотациите за 2025 година. Воедно, упати и остри забелешки за доцното доставување на предлозите бидејќи не се остава простор за нивно разгледување од телата и органите на ЗЕЛС, како и од Комисијата. Беше посочено дека блок дотациите не ги задоволуваат реалните потреби за спроведување на надлежностите и треба значително да се зголемат; дека на општините треба да им се овозможи поголема самостојност во управувањето со средствата и да се укине добивањето согласности од централната власт при вработување на потребните кадри.

Овој месец, општините и Владата на РСМ потпишаа договори за реализација на 274 проекти за капитални инвестиции во вредност од 4,1 милијарди денари во областа на транспортот, образованието, социјалната политика, културата и туризмот, животната средина и во спортот. Рокот за пријавување е пролонгиран до 15 ноември, а за следната година е најавено финансирање на нови проекти за општините во висина од 15 милијарди денари.

Претседателството на ЗЕЛС ги повика на заеднички разговор градоначалниците на Струмица и на Карпош, Костадин Костадиновски и Стевче Јакимовски, кои преку медиумите најавија излегување од членството на ЗЕЛС. Ваквата нивна најава е поради некоректниот и игнорантски однос што кон овие општини го имале дел од министрите од Владата на РСМ, поконкретно министрите за транспорт и врски, за образование и за земјоделство. Претседателството се понуди за медијација во разговорите меѓу двете општини и министрите и ги повика на преиспитување на нивните ставови, бидејќи ЗЕЛС е заедница на сите општини каде единствената цел е унапредување на локалната власт и каде се штитат интересите на секоја општина.

Кон крајот на месецот, ЗЕЛС и МЛС беа домаќини на 23-тиот состанок на Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Северна Македонија и Комитетот на регионите на Европската Унија. На состанокот се обратија претседателот на ЗЕЛС, копретседавачите на ова тело, министерот за локална самоуправа, заменик- министерот за дигитална трансформација, шефот за соработка од Делегацијата на ЕУ во нашата земја и претставници од Комитетот на региони и делегати од нашата земја и од земјите членки на Унијата. Се говореше на две теми, од кои првата беше за процесот на започнување преговори на нашата земја со Европската Унија, а втората тема беше за развивање на дигитални услуги во локалната власт. За овие и за низа други активности на ЗЕЛС реализирани во октомври, можете да прочитате повеќе во овој број на Гласило на ЗЕЛС.

Со почит,

Душица Перишиќ,
извршен директор на ЗЕЛС

Të nderuar,

Në fillim të muajit tetor, Komisioni për ndjekjen e zhvillimit të sistemit të financimit të komunave miratoi propozim-dekretet për shpërndarjen e bllok dotacioneve për vitin 2025 dhe dha vërejtje të ashpra për dorëzimin me vonesë të propozimeve, për shkak se nuk lihet hapësirë për shqyrtimin e tyre nga trupat dhe organet e BNJVL-së, si dhe nga vetë komisioni. U theksua se bllok dotacionet nuk i plotësojnë nevojat reale për zbatimin e kompetencave dhe duhet të rriten ndjeshëm; se komunave duhet t'u jepet një pavarësi më e madhe në menaxhimin e mjeteve dhe se duhet të anulohet marrja e pëlqimeve nga pushteti qendror gjatë punësimit të kuadrove të nevojshme.

Këtë muaj, komunat dhe Qeveria e RMV-së nënshkruan kontrata për realizimin e 274 projekteve për investime kapitale, në vlerë prej 4,1 miliardë denarësh, në sferën e transportit, arsimit, politikës sociale, kulturës dhe turizmit, mjedisit jetësor dhe sportit. Afati për aplikim është zgjatur deri më 15 nëntor, ndërsa për vitin e ardhshëm është paralajmëruar financimi i projekteve të reja për komunat në vlerë prej 15 miliardë denarësh.

Kryesia e BNJVL-së i ftoi në bisedë të përbashkët kryetarët e Strumicës dhe Karposhit, Kostadin Kostadinovski dhe Stevçe Jakimovski, të cilët përmes mediave paralajmëruan tërheqjen e tyre nga anëtarësia e BNJVL-së, për shkak të qëndrimit jo korrekt dhe injorant ndaj këtyre komunave që kishin me një pjesë të ministrave nga qeveria e RMV-së, më konkretisht me ministrat për transport dhe komunikim, arsim dhe bujqësinë. Kryesia u ofrua të ndërmjetësojë në bisedimet ndërmjet dy komunave dhe ministrave dhe i bëri thirrje që të rishqyrtojnë qëndrimet e tyre, sepse BNJVL është bashkësi e të gjitha komunave ku qëllimi i vetëm është avancimi i pushtetit lokal dhe ku mbrohen interesat e secilës komunë.

Në fund të muajit, BNJVL-ja dhe Ministria e Vetëqeverisjes Lokale ishin nikoqire e takimit të 23-të të Komitetit të Përbashkët Konsultativ ndërmjet Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe Komitetit të Rajoneve të Bashkimit Evropian. Në takim fjalim mbajtën kryetari i BNJVL-së, bashkë-kryesuesit e këtij trupi, Ministri i Vetëqeverisjes Lokale, Zëvendës-ministri për Transformim Digjital, Shefi për bashkëpunim i Delegacionit të BE-së në vendin tonë dhe përfaqësues nga Komiteti i Rajoneve dhe delegatë nga vendi ynë dhe vendet anëtare të Unionit. U diskutuan dy tema, nga të cilat e para i referohet procesit të fillimit të negociatave të vendit tonë me Bashkimin Evropian dhe tema e dytë ishte zhvillimi i shërbimeve digjitale në pushtetin lokal. Për këto dhe për një sërë aktivitetesh të tjera të BNJVL-së të realizuara në tetor mund të lexoni në këtë numër të Gazetës së BNJVL-së.

Me respekt,

Dushica Perishiq,
drejtor ekzekutiv i BNJVL-së


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
тел. +389 (0) 2 30 99 033, факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ
**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема-Мехмети
**Подготвила:**
Весна Арсовска-Динковска
**Превод:** Славе Чорбев
**Лекторирал:** Валентина Великова
**Дизајн и подготовка и печатење:** Европа 92

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
tel. +389 (0) 2 30 99 033, faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. „Kopenhagenska“ nr. 5, F.P. 32,
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq
**Zëvendes drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema - Mehmeti
**Përgatiti:**
Vesna Arsovska - Dinkovska
**Përkthim:** Sllave Çorbev
**Lektoron:** Valentina Velikova
**Dizajnim dhe përgatitje dhe shtypje:** Evropa 92

## КОМИСИЈАТА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА СИСТЕМОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНИТЕ ГИ УСВОИ ПРЕДЛОГ-УРЕДБИТЕ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА БЛОК ДОТАЦИИ ЗА ОПШТИНИТЕ ЗА 2025 ГОДИНА

Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, на 2 октомври 2024 година, во просториите на ЗЕЛС, ја одржа 51-та седница. Членовите на Комисијата ги разгледаа предлог-уредбите за распределба на средства за општините од блок дотации за 2025 година и тоа: Предлог-уредба за распределба на приходите од данокот на додадена вредност; Предлог-уредба за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за основно образование; Предлог-уредба за методологијата за утврдување критериуми за распределба на блок дотации за средно образование; Предлог-уредба за методологијата за утврдување критериуми за распределба на блок дотации од областа на културата; Предлог-уредба за методологијата за утврдување критериуми за распределба на блок дотации за јавните установи за деца – детски градинки и центри за ран детски развој во состав на детските градинки и Предлог-уредба за методологијата за утврдување критериуми за распределба на блок дотации за јавните установи за социјална заштита – домови за стари лица.

Претставниците од локалната власт, кои се мнозинство во оваа Комисија, упатија остри забелешки за начинот на кој се доставуваат предлог-уредбите за усвојување од страна на Комисијата, без да се обезбеди временски период за нивно разгледување од телата и органите на ЗЕЛС, како и од самата Комисија, која со цел да не се наруши непреченото функционирање на овие надлежности од локалната власт е доведена пред свршен чин за нивно усвојување. Дел од коментарите во однос на предлог- уредбите одеа во насока дека тие не ги следат инфлациските притисоци, за што е потребно и соодветно зголемување на висината на дотациите за да може општините соодветно да ги покријат потребните трошоци. Исто така, беше нагласено дека на општините треба да им се даде поголема самостојност во управувањето со средствата од блок дотациите, од причина што тие најдобро ги знаат приликите на терен и може со нив да управуваат на најсоодветен начин. Претставниците од локалната власт укажаа и на потребата за промени во одредени административни процедури поврзани со

## KOMISIONI PËR NDJEKJEN E ZHVILLIMIT TË SISTEMIT TË FINANCIMIT TË KOMUNAVE MIRATOI PROPOZIM-DEKRETET PËR SHPËRNDARJEN E BLLOK DOTACIONEVE PËR KOMUNAT PËR VITIN 2025

Komisioni për ndjekjen e zhvillimit të sistemit të financimit të njësive të vetëqeverisjes lokale, më 2 tetor 2024, në hapësirat e BNJVL-së, mbajti seancën e 51-të. Anëtarët e komisionit shqyrtuan propozim-dekretet për shpërndarjen e mjeteve për komunat nga bllok-dotacionet për vitin 2025, përkatësisht: Propozim-dekretin për shpërndarjen e të ardhurave nga tatimi mbi vlerën e shtuar; Propozim-dekretin për metodologjinë për përcaktimin e kritereve për shpërndarjen e bllok-dotacioneve për arsimin fillor; Propozim-dekretin për metodologjinë për përcaktimin e kritereve për shpërndarjen e bllok-dotacioneve për arsimin e mesëm; Propozim-dekretin për metodologjinë për përcaktimin e kritereve për shpërndarjen e bllok-dotacioneve nga fusha e kulturës; Propozim-dekretin për metodologjinë për përcaktimin e kritereve për shpërndarjen e bllok-dotacioneve për institucionet publike për fëmijë – kopshtet e fëmijëve dhe qendrat për zhvillimin e hershëm të fëmijëve në kuadër të kopshteve të fëmijëve dhe Propozim-dekretin për metodologjinë për përcaktimin e kritereve për shpërndarjen e bllok-dotacioneve për institucionet publike të mbrojtjes sociale – shtëpitë e personave të moshuar.

Përfaqësuesit e pushtetit lokal, të cilët janë shumicë në këtë komision, dhanë vërejtje të ashpra për mënyrën në të cilën dërgohen propozim-dekretet për miratim nga ana e komisionit, pa siguruar një periudhë kohore për shqyrtimin e tyre nga trupat dhe organet e BNJVL-së, si dhe nga vetë komisioni, i cili me qëllim që të mos cenohet mbarëvajtja e pandërprerë i këtyre kompetencave nga pushteti lokal është vënë para një akti përfundimtar për miratimin e tyre. Një pjesë e komenteve në lidhje me propozim-dekretet ishin se ato nuk i ndjekin presionet e inflacionit për të cilën gjë nevojitet edhe një rritje adekuate e shumës së dotacioneve me qëllim që komunat të mund t'i mbulojnë plotësisht shpenzimet e duhura. Gjithashtu u theksua se është e nevojshme që komunave t'u jepet më shumë pavarësi në menaxhimin e mjeteve nga bllok-dotacionet, sepse ato i njohin më së miri gjendjet në terren dhe mund të menaxhojnë me to në mënyrën më adekuate. Përfaqësuesit e pushtetit lokal theksuan gjithashtu nevojën për ndryshime në procedura të caktuara administrative lidhur me





користење на овие средства, во однос на добивањето согласности од централната власт. Тоа е особено нагласено во делот на вработувањето на наставен кадар во училиштата и градинките, каде што сега е предвидено задолжително претходно одобрение од ресорното министерство и од Министерството за финансии. Ова придонесува за застој во постапките за обезбедување соодветен кадар кој треба соодветно да одговори на услугите што општината им ги дава на своите граѓани. Присутните побараа што побрзо да се воведат најавените реформи во образованието и детската заштита со цел соодветна распределба на средства, согласно со предложените стандарди. Исто така, побараа да се актуализира и прашањето за зголемување на процентите на средствата од ДДВ и од персоналниот данок што треба да припадне на општините, бидејќи сегашните проценти не обезбедуваат финансиска самоодржливост за многу локални самоуправи.



përdorimin e këtyre mjeteve, në lidhje me marrjen e pëlqimeve nga pushteti qendror. Kjo theksohet veçanërisht në pjesën e punësimit të kuadrove mësimore në shkolla dhe kopshtet e fëmijëve, ku tani është paraparë miratimi i domosdoshëm paraprak nga ministria e resorit dhe Ministria e Financave. Kjo kontribuon për ngecjen e procedurave për sigurimin e kuadrove adekuate të cilat duhet t'u përgjigjen në mënyrë adekuate shërbimeve të cilat komuna ua jep qytetarëve të saj. Të pranishmit kërkuan që reformat e paralajmëruara në arsim dhe mbrojtjen e fëmijëve të zbatohen sa më shpejt me qëllim të shpërndarjes adekuate të mjeteve në përputhje me standardet e propozuara. Ata kërkuan gjithashtu të aktualizohet edhe çështja për rritjen e përqindjeve të TVSH-së dhe taksës së të ardhurave personale që duhet t'u takojnë komunave, sepse përqindjet aktuale nuk sigurojnë vetë-qëndrueshmëri financiare për shumë vetëqeverisje lokale.

## ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТИНА ОД УКРАИНА ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА РАДОВИШ

На почетокот на октомври, во рамките на проект финансиран од Европската Унија и спроведуван во нашата земја од ЗЕЛС и НАЛАС, беше реализирана посета на Општина Радовиш од претставници на Општина Камјанец - Подилски (Украина). Целта на проектот е размена на најдобрите искуства што ги спроведуваат општините, особено во однос на услугите што им ги нудат на своите граѓани. Интересен беше податокот дека всушност, овие две општини поодамна биле збратимени, но комуникацијата била прекината во периодот пред пандемијата со КОВИД, во 2020 година. Ова беше можност да се обнови соработката и да се воспостават нови правци на заемна комуникација.

На официјалната средба, организирана во просториите на Општина Радовиш, освен претставниците од украинската општина присуствуваа и претставници од администрација на општината домаќин, заедно со градоначалникот Ацо Ристов, како и претставници од ЗЕЛС и НАЛАС, одговорни институции за спроведување на целата програма. Присутните ги претставија своите општини и ги изнесоа очекувањата за продолжување на натамошна соработка во повеќе области што се во надлежност на



## PËRFAQËSUES TË NJË KOMUNE NGA UKRAINA NË VIZITË TË KOMUNËS SË RADOVISHIT

Në fillim të muajit tetor, në kuadër të projektit që financohet nga Bashkimi Evropian dhe zbatohet në vendin tonë nga BNJVL-ja dhe NALAS-i, u realizua vizita e Komunës së Rqdovishit nga përfaqësues të komunës Kamiantes-Podilski (Ukrainë). Qëllimi i projektit është shkëmbimi i përvojave më të mira që i zbatojnë komunat, sidomos lidhur me shërbimet që ua ofrojnë qytetarëve të tyre. Ishte interesant fakti se këto dy komuna prej kohësh janë binjakëzuar, por komunikimi ishte ndërprerë në periudhën para pandemisë me KOVID në vitin 2020. Ky ishte mundësi për të rivendosur bashkëpunimin dhe drejtimet e reja të komunikimit të ndërsjellë.

Në takimin zyrtar të organizuar në hapësirat e Komunës së Radovishit, përveç përfaqësuesve të komunës së Ukrainës, të pranishëm ishin edhe përfaqësues nga administrata e komunës nikoqire, së bashku me kryetarin Aco Ristov, si dhe përfaqësues nga BNJVL dhe NALAS, institucione përgjegjëse për zbatimin e të gjithë programit. Të pranishmit prezantuan komunat e tyre dhe shprehën pritshmëritë e tyre për vazhdimin e bashkëpunimit të mëtejshëm në disa fusha që janë në






локалната власт. Кратко беа презентирани и целите на проектот и позитивните очекувања од неговата реализација. Во текот на целиот престој на делегацијата од Општина Камјанец - Подилски беа организирани низа презентации за конкретни активности на Општина Радовиш, поврзани со надлежностите во урбанизмот; социјалната заштита; заштита на животната средина и имплементирањето на обновливи извори на енергија, како и аплицирање во европските фондови. Беа претставени процесите на носење одлуки на локалната власт, учеството на граѓаните во креирањето на локалните политики, обезбедувањето на високо ниво на транспарентност на општината и друго. Делегацијата од Украина го посети Центарот за рамномерен регионален развој, како и новата ТИРЗ-зона во Радовиш, со цел да ги види индустриските потенцијали на општината и да се разгледа можноста за инвестирање и деловна соработка.

kompetencë të pushtetit lokal. U prezantuan shkurtimisht edhe qëllimet e projektit dhe pritshmëritë pozitive nga realizimi i tij. Gjatë gjithë qëndrimit të delegacionit të komunës Kamiantes-Podilski, u organizuan një sërë prezantimesh për aktivitete konkrete të Komunës së Radovishit, të lidhura me kompetencat në sferën e urbanizmit, mbrojtjes sociale, mbrojtjes së mjedisit jetësor dhe zbatimit të burimeve të ripërtëritshme të energjisë, si dhe aplikimin në fondet evropiane. U prezantuan proceset e vendimmarrjes së pushtetit lokal, pjesëmarrja e qytetarëve në krijimin e politikave lokale, sigurimi i një niveli të lartë të transparencës së komunës e të tjera. Delegacioni nga Ukraina vizitoi Qendrën për zhvillim të barabartë rajonal, si dhe zonën e re ZZHTI në Radovish, me qëllim që t'i shohë potencialet industriale të komunës dhe të shqyrtohet mundësia e investimit dhe bashkëpunimit afarist.

## ПРЕД ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА ОПШТИНСКИТЕ СОВЕТИ ПРЕЗЕНТИРАНИ ИНОВАТИВНИ МЕРКИ И ИНСТРУМЕНТИ ПОЛЕЗНИ ЗА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Во рамките на проектот „Зајакнување на општински совети - фаза 2", каде што ЗЕЛС е партнер во спроведување на заедничките активности со УНДП, на 2 октомври 2024 година, беше одржана работилница на која учествуваа трите тематски работни групи (ТРГ) составени од претседателите на општинските совети. Станува збор за работните групи за иновации во локалната самоуправа; за локален економски развој и за животна средина. Темите за кои се дискутираше на работилницата се однесуваа на претставување на платформата ЛОГЕС за обезбедување услуги на локално ниво, потоа беше претставен процесот на изработка на интегрирани развојни планови и последната сесија беше посветена на моделите за справување со загадувањето на воздухот и предностите и можностите на програмата „Зелен финансиски инструмент за подобрување на квалитетот на воздухот и борба против климатските промени».

## PARA KRYETARËVE TË KËSHILLAVE KOMUNALË U PREZANTUAN MASA DHE INSTRUMENTE INOVATIVE TË DOBISHME PËR VETËQEVERISJEN LOKALE

Në kuadër të projektit "Fuqizimi i këshillave komunale-faza 2", ku BNJVL është partner në zbatimin e aktiviteteve të përbashkëta me UNDP-në, më 2 tetor 2024 u mbajt punëtoria në të cilën morën pjesë tri grupe tematike punuese (GTP) të përbëra nga kryetarët e këshillave komunalë. Bëhet fjalë për grupet punuese për inovacione në vetëqeverisjen lokale, për zhvillimin ekonomik lokal dhe për mjedisin jetësor. Temat për të cilat diskutohej në punëtori kishin të bënin me prezantimin e platformës LOGES për sigurimin e shërbimeve në nivel lokal, pastaj u prezantua procesi për përpilimin e planeve të integruara zhvillimore dhe sesioni i fundit iu kushtua modeleve për trajtimin e ndotjes së ajrit dhe përparësitë dhe mundësitë e programit "Instrumenti i gjelbër financiar për përmirësimin e cilësisë së ajrit dhe luftimin e ndryshimeve klimatike".

## Платформата ЛОГЕС, изработка на интегрирани развојни планови и модели за справување со загадувањето на воздухот - теми на работилницата

Емили Јовановиќ Локвенец, специјалистка за дигитализација и ИКТ во УНДП во Скопје, зборуваше за идејата и иницијативата на УНДП-тимот за развој на платформата ЛОГЕС, која нуди услуги за граѓаните на локално ниво. Пред присутните претседатели на општинските совети, членови на овие ТРГ, беа претставени можностите на платформата, услугите што преку неа им се нудат на граѓаните на локално ниво; како може да се приклучи општината; каков статус може да има општината која искажува интерес за користење на оваа платформа и кои се придобивките од приклучувањето кон неа. Експертката ги претстави плановите, очекувањата и позитивните сигнали на поддршка што им ги дава Министерството за дигитализација за платформата да прерасне во национална, на која ќе може да бидат приклучени сите општини.

За методологијата на подготовка на интегрираните развојни планови за општината; за процесот на подготовка на плановите; за важноста од вклучување на сите засегнати страни во креирањето на овој развоен документ на општината, говореше Фисник Шабани, специјалист за локална самоуправа во УНДП. Учесниците на работилницата искажаа голем интерес за мерките и програмите за справување со загадувањето на воздухот и кои се полезностите и можностите на програмата „Зелен финансиски фонд за подобрување на квалитетот на воздухот и борба против климатските промени". Александра Димова Манчевска, проектна менаџерка во УНДП, ги претстави спроведените активности за мерење на загаденоста на воздухот и креирањето соодветни мерки што се родово чувствителни. Таа говореше за реализираните мерки на ниво во Град Скопје, конкретно за жителите од населбата Лисиче, во Општина Аеродром, како една од најзагадените населби. За заедничката програма на ОН „Зелен финансиски инструмент за подобрување на квалитетот на воздухот и борба против климатските промени во Северна Македонија" зборуваше Гордана Поповиќ Фриедман, проектна специјалистка, која детално се осврна на финансиските инструменти кои се крајни корисници и како може да се користат. Поради актуелноста на темата, ЗЕЛС и УНДП планираат да одржат работилница за програмата „Зелен финансиски инструмент" и за претставници од општинската администрација, членови на РГ за животна средина, енергетска ефикасност, како и за координаторите за еднакви можности на жените и мажите.

## Platforma LOGES, përpilimi i planeve dhe modeleve të integruara zhvillimore për trajtimin e ndotjes së ajrit – tema të punëtorisë

Emili Jovanoviq Lokvenec, specialiste e digjitalizimit dhe TIK-ut në UNDP në Shkup, foli për idenë dhe iniciativën e ekipit të UNDP-së për zhvillimin e platformës LOGES, e cila ofron shërbime për qytetarët në nivel lokal. Para kryetarëve të pranishëm të këshillave komunalë, anëtarë të këtyre grupeve tematike punuese u prezantuan mundësitë e platformës, shërbimet të cilat përmes asaj u ofrohen qytetarëve në nivel lokal, si mund t'i bashkëngjitet komuna, cilin status mund ta ketë komuna që shpreh interes për përdorimin e kësaj platforme dhe cilat janë përfitimet e bashkëngjitjes ndaj asaj. Ekspertja prezantoi planet, pritjet dhe sinjalet pozitive e mbështetjes që ua jep Ministria e Digjitalizimit që platforma të shndërrohet në një platformë kombëtare, së cilës do t'i bashkëngjiten të gjitha komunat.

Për metodologjinë e përgatitjes së planeve të integruara zhvillimore për komunën, për procesin e përgatitjes së planeve, për rëndësinë e përfshirjes së të gjitha palëve të interesuara në krijimin e këtij dokumenti zhvillimor për komunën, foli Fisnik Shabani, specialist për vetëqeverisje lokale në UNDP. Pjesëmarrësit në punëtori shprehën interesim të madh për masat dhe programet për trajtimin e ndotjes së ajrit dhe cilat janë përfitimet dhe mundësitë e programit "Fondi i gjelbër financiar për përmirësimin e cilësisë së ajrit dhe luftimin e ndryshimeve klimatike". Aleksandra Dimova Mançevska, menaxhere e projektit në UNDP, prezantoi aktivitetet e zbatuara për matjen e ndotjes së ajrit dhe krijimin e masave adekuate që janë të ndjeshme ndaj gjinisë. Ajo foli për masat e realizuara në nivelin e Qytetit të Shkupit, konkretisht për banorët e lagjes Lisiçe në Komunën e Aerodromit, e cila është një nga lagjet më të ndotura. Për programin e përbashkët të OKB-së "Instrument i gjelbër financiar për përmirësimin e cilësisë së ajrit dhe luftimin e ndryshimeve klimatike në Maqedoninë e Veriut" foli Gordana Popoviq Fridman, specialiste e projektit, e cila foli në detaje për instrumentet financiare, cilët janë përdoruesit përfundimtarë dhe si mund të përdoren ata. Për shkak të aktualitetit të temës, BNJVL dhe UNDP planifikojnë të mbajnë punëtori për programi "Instrumenti i gjelbër financiar" edhe për përfaqësues nga administrata komunale, anëtarë të grupit punues për mjedisin jetësor, efikasitetin energjetik, si dhe për koordinatorët për mundësi të barabarta për gratë dhe burrat.





# РЕГИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ДИМЕНЗИИТЕ НА ЈАВНИОТ МЕНАЏМЕНТ, ПОЛИТИКИТЕ И АДМИНИСТРАЦИЈАТА

# KONFERENCË RAJONALE PËR DIMENSIONET E MENAXHIMIT PUBLIK, POLITIKAVE DHE ADMINISTRATËS



Факултетот за современи општествени науки при Универзитетот на Југоисточна Европа, на 4 октомври 2024 година, организираше регионална конференција на тема: „Истражување на димензиите на јавниот менаџмент, политиките и администрацијата низ различни сектори". На конференцијата учествуваа значајни претставници одговорни за креирање политики за јавната администрација, претставници од владините структури, од академскиот сектор и од значајни институции од: Северна Македонија, Србија, Албанија, Косово и Босна и Херцеговина. За улогата на ЗЕЛС, за состојбите со децентрализацијата на власта во нашата земја, како и за иновативните електронски услуги што ги воведе и ги администрира ЗЕЛС, говореше заменик-извршната директорка на ЗЕЛС, Ардита Дема Мехмети. Станува збор за електронските системи: е-градежна дозвола; е-градежно земјиште и е-ствари. Беше опишан процесот на воведување на овие електронски услуги и придобивките што ги имаат општините од нивното користење, меѓу кои зголемувањето на ефикасноста во испораката на услугите и зголемената транспарентност. Мехмети нагласи дека за воведување на оваа добра практика на ЗЕЛС има голема заинтересираност и од земјите во регионот, при што своите искуства ЗЕЛС веќе ги пренесе во две соседни земји. Нагласени беа активностите на ЗЕЛС и во градењето на капацитетите на општинската администрација, преку воспоставениот ЗЕЛС тренинг центар, каде врз основа на идентификуваните потреби на општините се изготвува годишен план за обуки кој се испорачува со висок квалитет на организирани обуки и советувања. Беше нагласено дека ЗЕЛС и претставниците од општините се вклучија и во изнесување на ставови, мислења и коментари во однос на предложениот пакет на закони од областа на јавната администрација во нашата земја, за реформи во оваа област, за што беа организирани две јавни дебати, во Скопје и во Куманово.

Претставниците од сите земји кои учествуваа на овој настан изнесоа и свои презентации за предизвиците и воведените иновации во пристапите за подобрување на состојбите со јавната администрација. Исто така, беа претставени и гледиштата на другите засегнати ресори кои се поврзани со услугите што ги испорачува јавната администрација. Притоа, особено беше потенцирана и улогата на граѓанското учество во донесувањето одлуки, како и важноста на инклузивниот пристап на градење на заемно прифатливи политики.

Më 04 tetor 2024, Fakulteti i Shkencave Bashkëkohore Moderne pranë Universitetit të Evropës Juglindore organizoi një konferencë rajonale me temë: "Hulumtimi i dimensioneve të menaxhimit publik, politikave dhe administratës nëpër sektorë të ndryshëm". Në konferencë morën pjesë përfaqësues të rëndësishëm përgjegjës për krijimin e politikave për administratën publike, përfaqësues të strukturave qeveritare, të sektorit akademik dhe të institucioneve të rëndësishme nga Maqedonia e Veriut, Serbia, Shqipëria, Kosova dhe Bosnja dhe Hercegovina. Për rolin e BNJVL-së, për gjendjet me decentralizimin e pushtetit në vendin tonë, si dhe për zgjidhjet inovative elektronike të cilat i aplikoi dhe administron BNJVL-ja, foli Zëvendës-drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së, z-nja Ardita Dema Mehmeti. Bëhet fjalë për sistemet elektronike: e-leje ndërtimi, e-tokë ndërtimore dhe e-sendet. U shpjegua procesi i aplikimit të këtyre shërbimeve elektronike dhe përfitimet që i kanë komunat nga përdorimi i tyre, ndër të cilat rritja e efikasitetit në zbatimin e shërbimeve dhe transparenca e rritur. Mehmeti theksoi se për aplikimin e kësaj praktike të mirë të BNJVL-së ka interesim të madh edhe nga vendet në rajon, kështu që përvojat e saj BNJVL-ja tashmë ua barti dy vendeve fqinje. U theksuan aktivitetet e BNJVL-së në ngritjen e kapaciteteve të administratës komunale përmes Qendrës së formuar të trajnimeve të BNJVL-së, ku në bazë të nevojave të identifikuara të komunave përgatitet një plan vjetor trajnimesh që realizohet me cilësi të lartë të trajnimeve dhe konsultimeve të organizuara. U theksua se BNJVL-ja dhe përfaqësuesit e komunave u përfshinë edhe në prezantimin e qëndrimeve, mendimeve dhe komenteve lidhur me pakon e propozuar të ligjeve të sferës së administratës publike në vendin tonë, për reforma në këtë sferë, për të cilën gjë u organizuan dy debate publike, në Shkup dhe në Kumanovë.

Përfaqësuesit e të gjitha vendeve që morën pjesë në këtë ngjarje kishin edhe prezantimet e tyre për sfidat dhe inovacionet hyrëse në procedurat për përmirësimin e gjendjeve të administratës publike. Gjithashtu u prezantuan edhe pikëpamjet e resorëve të tjerë të përfshirë, të cilat janë të lidhur me shërbimet të cilat i zbaton administrata publike. Në të njëjtën kohë, u theksua veçanërisht edhe roli i pjesëmarrjes së qytetarëve në vendimmarrje, si dhe rëndësia e qasjes gjithëpërfshirëse për ndërtimin e politikave të pranueshme reciproke.

## СРЕДБА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА ЗЕЛС СО НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

## TAKIM I KRYESISË SË BNJVL-SË ME AVOKATIN E POPULLIT



Претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски и потпретседателот на ЗЕЛС, Висар Ганиу остварија средба со народниот правобранител на Република Северна Македонија, Насер Зибери. На средбата што беше организирана во просториите на административната зграда на ЗЕЛС, на 8 октомври 2024 година, присуствуваа и претставници од Канцеларијата на народниот правобранител, како и претставници на проектот „ЕУ поддршка за владеење на правото". Пред претседателството на ЗЕЛС беа претставени тековните активности на реализација на проектот, што всушност беше и главната цел на оваа средба, бидејќи во оваа втора фаза, предвидени се средби на народниот правобранител со градоначалниците и со раководителите на сектори во општините. Темите на кои ќе се дискутира на овие средби ќе се однесуваат на динамиката на одговори што ги даваат општините за претставките што доаѓаат од граѓаните, потоа за најчестите области за кои граѓаните поднесуваат претставки и слични теми што се од интерес за двете институции. Беше посочено дека досега вакви средби се реализирани во општините: Кавадарци, Пробиштип, Струмица и Штип. Препораките произлезени од овие средби, заедно со препораките што ќе произлезат од средбите во другите општини, ќе бидат преточени во еден извештај и ќе бидат споделени со општините и со целата јавност. Целта е да се придонесе кон подобрување на комуникацијата меѓу граѓаните и институциите и кон подобрување на услугите што тие ги испорачуваат.

Претставниците од ЗЕЛС посочија дека Заедницата е секогаш отворена за соработка и дека ќе даде поддршка во олеснувањето на комуникацијата на Канцеларијата на народниот правобранител за реализација на овие средби со општините, што треба да се спроведат во текот на следниот месец. Беше договорено дека до ЗЕЛС ќе биде доставен предвидениот план на посети по општините. Веќе во следната фаза на проектот, предвидени се и директни средби со граѓаните, за што беше побарана логистичка поддршка за организирање на средбите од општините.

Kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski dhe nënkryetari i BNJVL-së, Visar Ganiu realizuan takim me Avokatin e Popullit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, Naser Ziberi. Në takimin që u organizua në hapësirat e ndërtesës administrative të BNJVL-së më 9 tetor 2024, ishin prezentë edhe përfaqësues nga zyre e Avokatit të Popullit, si dhe përfaqësues të projektit "Mbështetja e BE-së për sundimin e ligjit". Para kryesisë së BNJVL-së u prezantuan aktivitetet aktuale për realizimin e projektit që në fakt ishte edhe qëllimi kryesor i këtij takimi, sepse në këtë fazë të dytë parashihen takime të Avokatit të popullit me kryetarët e komunave dhe me udhëheqësit e sektorëve në komuna. Temat për të cilat do të diskutohet në këto takime do të t'i referohen dinamikës së përgjigjeve që i japin komunat për parashtresat që vijnë nga qytetarët, pastaj për sferat më të shpeshta për të cilat qytetarët parashtrojnë parashtresa dhe tema të ngjashme me interes për të dyja institucionet. U theksua se tashmë janë mbajtur takime të këtilla në komunat e Kavadarit, Probishtipit, Strumicës dhe Shtipit. Rekomandimet e dala nga këto takime, së bashku me rekomandimet që do të dalin nga takimet në komunat e tjera, do të gjenden në një raport dhe do të ndahen me komunat dhe të gjithë publikun. Qëllimi është që të kontribuohet për përmirësimin e komunikimit ndërmjet qytetarëve dhe institucioneve dhe përmirësimin e shërbimeve që zbatojnë ato.

Përfaqësuesit e BNJVL-së theksuan se Bashkësia është gjithmonë e hapur për bashkëpunim dhe se do të japë mbështetje në lehtësimin e komunikimit të Zyrës së Avokatit të Popullit për realizimin e këtyre takimeve me komunat, që duhet të mbahen gjatë muajit të ardhshëm. U ra dakord se në BNJVL do të dërgohet plani i paraparë i vizitave nëpër komuna. Tashmë në fazën e ardhshme të projektit janë paraparë edhe takime të drejtpërdrejta me qytetarët, për të cilat është kërkuar mbështetje logjistike nga komunat për organizimin e takimeve.

## ПОТПИШАН ДОГОВОР ЗА ДОНАЦИЈА НА ВОЗИЛА НА ЗЕЛС ЗА ОПШТИНИТЕ ЗРНОВЦИ И ЦЕНТАР ЖУПА



Во просториите на ЗЕЛС, на 8 октомври 2024 година, градоначалникот на Општина Центар Жупа, Аријан Ибраим и градоначалникот на Општина Зрновци, Борчо Коцев, потпишаа договори за примопредавање на по едно користено возило од ЗЕЛС. На примопредавањето на двете користени возила присуствуваа претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски и потпретседателот на ЗЕЛС, Висар Ганиу. Станува збор за возила марка опел, од кои едното е караван, произведени во 2008 година и користени од ЗЕЛС. Овие возила беа доделени низ транспарентен процес со донесена одлука од членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС на последната седница, одржана во Кавадарци. На оваа одлука претходеше предлог донесен од формираната комисија за распределба на двете користени возила на ЗЕЛС, во состав од градоначалниците на општините: Македонски Брод, Жарко Ристески; на Студеничани, Азем Садики и на Општина Крива Паланка, Сашко Митовски. На повикот за изразување на интерес кој ЗЕЛС го достави до сите општини, беа пријавени вкупно 18 општини. За изборот, Управниот одбор ги утврди следните критериуми:

1. Општината да ја платила членарината кон ЗЕЛС заклучно со 2023 година.
2. Општината да има реална потреба од возило што ќе се утврди со бројот на возила што во моментот ги има во своја сопственост (споредена и дополнително направена проверка на пријавениот број возила на општините со оној утврден во Државната комисија за спречување со корупција).
3. Општината да нема повеќе од 10 000 жители.
4. Општината да не припаѓа на Скопскиот Плански Регион.

## U NËNSHKRUA MARRËVESHJE PËR DHURIMIN E AUTOMJETEVE TË BNJVL-SË PËR KOMUNAT E ZËRNOVCIT DHE QENDRËS ZHUPË

Në hapësirat e BNJVL-së, më 8 tetor 2024, kryetari i Komunës Qendër Zhupë, Arijan Ibraim dhe kryetari i komunës së Zërnovcit, Borço Kocev, nënshkruan kontratat për pranim-dorëzimin e dy automjeteve të përdorura të BNJVL-së. Në pranim-dorëzimin e dy automjeteve të përdorura morën pjesë kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski dhe nënkryetari i BNJVL-së, Visar Ganiu. Bëhet fjalë për automjetet e markës "Opel", njëra prej të cilave është karavan, të prodhuara në vitin 2008 dhe të përdorura nga BNJVL-ja. Këto automjete u dhuruan përmes një procesi transparent me vendim të marrë nga ana e anëtarëve të Bordit drejtues të BNJVL-së në seancën e fundit të mbajtur në Kavadar. Këtij vendimi i ka paraprirë propozimi i miratuar nga Komisioni i formuar për shpërndarjen e dy automjeteve të përdorura të BNJVL-së, i përbërë nga kryetarët e komunave: Makedonski Brod, Zharko Risteski; të Studeniçanit, Azem Sadiki dhe të Kriva Pallankës, Sashko Mitovski. Për thirrjen për shprehjen e interesit, të cilën BNJVL-ja e dërgoi deri te të gjitha komunat, u paraqitën gjithsej 18 komuna. Për përzgjedhjen, Bordi drejtues përcaktoi këto kritere:

1. Komuna të ketë paguar anëtarësinë ndaj BNJVL-së duke përfshirë me vitin 2023;
2. Komuna të ketë një nevojë reale për automjet që do të përcaktohet me numrin e automjeteve që ka në momentin në pronësinë e saj (një kontroll të krahasuar dhe të bërë në mënyrë shtesë të numrit të automjeteve të raportuara të komunave me atë të përcaktuar nga Komisioni Shtetëror për Parandalimin e Korrupsionit);
3. Komuna të mos ketë më shumë se 10.000 banorë;
4. Komuna të mos i përkasë rajonit planifikues të Shkupit.



## ОПШТИНИТЕ ВЕВЧАНИ И КОЧАНИ ШТЕДАТ ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА СО ПРИМЕНА НА ИНОВАТИВНИ ПРОЕКТИ



Интегрираниот фотоволтаичен систем на пречистителната станица за отпадни води во Општина Вевчани и Електронскиот систем за паметно мерење и управување со јавното осветлување на Општина Кочани се иновативните проекти со чија имплементација обезбедија значителна заштеда, ефикасно искористување и намалени трошоци за електричната енергија.

Проектите на двете општини се на линија на седмата цел за одржлив развој на Обединетите нации: обезбеден пристап до прифатлива, сигурна, одржлива и модерна енергија за сите, а со заштедата на енергија придонесуваат и за намалување на енергетската сиромаштија, глобално актуелна, особено во последните три години на енергетската криза. Овој тренд треба да продолжи во сеопфатен процес што подразбира: зголемен обем на спроведување проекти за енергетска ефикасност и јавно осветлување за општините, мониторинг на спроведените мерки и активности на државно и локално ниво, поголемо учество на обновливите извори на енергија во вкупното производство и подобрување на енергетската ефикасност за справување со енергетските кризи.

Вевчани и Кочани се дел од вкупно 10-те општини од Западен Балкан кои реализираа иницијативи за енергетика, транспорт и климатски промени во рамките на проектот „ЕУ за енергетска транзиција: Пакт на градоначалници во Западен Балкан и Турција". Проектот обезбедува техничка поддршка, зголемување на капацитетите, можности за вмрежување и поддршка на малите проекти во насока на развој, имплементација и мониторинг на Планот за одржлива енергија и климатска акција (SECAP). Проектот е кофинансиран од Европската Унија и од германското Сојузно министерство за економска соработка и развој (БМЗ), а го имплементира Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ).

ЗЕЛС во соработка со тимот од ГИЗ го спроведе повикот за аплицирање на проектите од мал обем за спроведување на мерки за енергетска заштеда на локално ниво, на кој иновативни проекти доставија околу 30 општини. ЗЕЛС го водеше процесот на аплицирање, а изборот на општините Вевчани и Кочани го направи регионалниот тим, по теренската посета. Завршните презентации на проектите беа организирани во просториите на Општина Вевчани на 8 октомври 2024 година и во просториите на Општина Кочани на 9 октомври 2024 година.

## KOMUNAT E VEVÇANIT DHE KOÇANIT KURSEJNË ENERGJI ELEKTRIKE ME ZBATIMIN E PROJEKTEVE INOVATIVE

Sistemi i integruar fotovoltaik në impiantin e trajtimit të ujërave të zeza në Komunën e Vevçanit dhe sistemi elektronik për matje të mençur dhe menaxhim të ndriçimit publik në Komunën e Koçanit janë projektet inovative, zbatimi i të cilave siguroi kursime të konsiderueshme, shfrytëzim efikas dhe ulje të kostove të energjisë elektrike.

Projektet e dy komunave janë në përputhje me qëllimin e shtatë për zhvillim të qëndrueshëm të Kombeve të Bashkuara: qasje e siguruar deri në energji të pranueshme, të sigurt, të qëndrueshme dhe moderne për të gjithë, ndërsa me kursimin e energjisë kontribuojnë edhe në uljen e varfërisë energjetike, globalisht aktuale, sidomos në tre vitet e fundit të krizës energjetike. Ky trend duhet të vazhdojë në një proces gjithëpërfshirës që nënkupton: rritje të vëllimit të zbatimit të projekteve për efikasitet energjetik dhe ndriçim publik për komunat, monitorim të masave dhe aktiviteteve të zbatuara në nivel shtetëror dhe lokal, pjesëmarrje më të madhe të burimeve të ripërtëritshme të energjisë në prodhimin total dhe përmirësim të efikasitetit energjetik për ballafaqim me krizat energjetike.

Vevçani dhe Koçani janë pjesë e gjithsej 10 komunave nga Ballkani Perëndimor që kanë zbatuar iniciativat për energjinë, transportin dhe ndryshimet klimatike në kuadër të projektit "BE për tranzicion energjetik: Pakti i kryetarëve të komunave në Ballkanin Perëndimor dhe Turqi". Projekti siguron mbështetje teknike, ngritje të kapaciteteve, mundësi rrjetëzimi dhe mbështetje për projekte të vogla në drejtim të zhvillimit, zbatimit dhe monitorimit të Planit për energji të qëndrueshme dhe aksion klimatik (SECAP). Projekti është i bashkë-financuar nga Bashkimi Evropian dhe Ministria Federale Gjermane për Bashkëpunim Ekonomik dhe Zhvillim (BMZ), ndërsa zbatohet nga Shoqata Gjermane për Bashkëpunim Ndërkombëtar (GIZ).

BNJVL në bashkëpunim me ekipin e GIZ-it e zbatoi thirrjen për aplikime për projekte të vëllimit të vogël për zbatimin e masave për kursim të energjisë në nivel lokal, në të cilën projekte inovative dërguan rreth 30 komunash. BNJVL-ja udhëhoqi procesin e aplikimit, ndërsa përzgjedhjen e komunave të Vevçanit dhe Koçanit e bëri ekipi rajonal pas një vizite në terren. Prezantimet përfundimtare të projekteve u organizuan në hapësirat e Komunës së Vevçanit më 8 tetor 2024 dhe në hapësirat e Komunës së Koçanit më 9 tetor 2024.







## Општина Вевчани интегрира фотоволтаичен систем на пречистителната станица за отпадни води

„Секој проект што придонесува за заштита на животната средина има огромно значење за нас како општина. Поставувањето фотоволтаичен систем на пречистителната станица е особено важно затоа што претставува континуитет на нашите напори да ја подобриме енергетската ефикасност на јавните објекти, но и да го зголемиме нивото на искористеност на обновливите извори на енергија“, изјави Спасе Кочовски, градоначалник на Вевчани.

Фотоволтаичната централа е со инсталирана моќност од 19,8 киловати и се очекува на годишно ниво да произведува помеѓу 20 и 25 MWh електрична енергија. Од аспект на заштита на животната средина, проектот ќе придонесе за намалување на емисиите на стакленички гасови во атмосферата.

„Имплементацијата на ваков вид проекти придонесува за намалување на енергетската сиромаштија, заштита на животната средина, подигнување на свеста на граѓаните и подобрување на условите за живот и работа и на локално ниво. Со цел да се отиде чекор понатаму во овие предизвици, неопходен е сеопфатен пристап на централната и локалната власт, кој, меѓу другото, ќе опфати и формирање фонд за енергетска ефикасност“, нагласи Ивана Серафимова, од Заедницата на единиците на локална самоуправа (ЗЕЛС).

## Модернизација во управувањето со енергијата што се користи за јавното осветлување во Општина Кочани - пример за примена и во другите општини

Со модернизацијата во управувањето со енергијата што се користи за јавното осветлување, Општина Кочани ќе има и дополнителни придобивки. Системот за управување е составен од лед светилки и сензори со кои се приспособува интензитетот на светлина во зависност од временските услови и движењето на возилата и пешаците, а годишната заштеда на електрична енергија во просек изнесува околу 95 MWh.

„Првите резултати покажуваат и економски и енергетски заштеди од над 15 отсто со реализацијата на овој проект, а задоволство е дека се работи за македонски производ што за прв пат се применува во Општина Кочани и треба да биде пример

## Komuna e Vevçanit integron sistemin fotovoltaik në impiantin e trajtimit të ujërave të zeza

“Çdo projekt që kontribuon në mbrojtjen e mjedisit jetësor ka një rëndësi të madhe për ne si komunë. Instalimi i sistemit fotovoltaik në impiantin e trajtimit është veçanërisht i rëndësishëm sepse paraqet vazhdimësinë e përpjekjeve tona për të përmirësuar efikasitetin energjetik të objekteve publike, por edhe për të rritur nivelin e shfrytëzimit të burimeve të ripërtëritshme të energjisë”, deklaroi Spase Koçovski, kryetar i Komunës së Vevçanit.

Centrali fotovoltaik ka një kapacitet të instaluar prej 19.8 kilovatësh dhe pritet të prodhojë nga 20 deri në 25 MWh energji elektrike në vit. Nga aspekti i mbrojtjes së mjedisit jetësor, projekti do të kontribuojë në reduktimin e emetimeve të gazeve të qelqit në atmosferë.

“Zbatimi i këtij lloji projektesh kontribuon në uljen e varfërisë energjetike, mbrojtjen e mjedisit jetësor, ngritjen e vetëdijes së qytetarëve dhe përmirësimin e kushteve të jetesës dhe punës. Për të shkuar një hap më tej në këto sfida është e nevojshme një qasje gjithëpërfshirëse e pushtetit qendror dhe atij lokal, i cili, ndër të tjera, do të përfshijë themelimin e një fondi për efikasitet energjetik”, theksoi Ivana Serafimova nga Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes lokale (BNJVL).

## Modernizimi i menaxhimit të energjisë që përdoret për ndriçimin publik në Komunën e Koçanit - shembull për aplikim edhe në komunat e tjera

Me modernizimin e menaxhimit të energjisë që përdoret për ndriçimin publik, Komuna e Koçanit do të ketë përfitime shtesë. Sistemi i menaxhimit është i përbërë nga llamba led dhe sensorë me të cilët rregullohet intensiteti i dritës në varësi të kushteve të motit dhe lëvizjes së automjeteve dhe këmbësorëve, ndërsa kursimi vjetor i energjisë elektrike është mesatarisht rreth 95 MWh.

“Rezultatet e para tregojnë kursim ekonomik dhe energjetik prej mbi 15 për qind me realizimin e këtij projekti dhe kënaqësia është se bëhet fjalë për një produkt të Maqedonisë që përdoret për herë të parë në Komunën e Koçanit dhe do të jetë shembull

за останатите општини. Преку платформата може да се следат загубите, потрошувачката, напонот, кражбите на струја и да се планираат јавните набавки за енергија за улично осветлување. Оваа платформа дава можност да се надградат постојните 69 ормани што беа опфатени во проектот со дополнителни елементи што ќе даваат и податоци за квалитетот на воздухот, загаденоста на животната средина и подобрување на следењето во управувањето со јавното осветлување“, истакна градоначалникот на Кочани, Љупчо Папазов.

Воведувањето на проектот „Паметно мерење и управување на енергијата во системот за јавно осветлување во Кочани“ траеше 12 месеци, при што германското Сојузно министерство за економска соработка и развој обезбеди максимална поддршка до 50 илјади евра, а околу 20 отсто од вредноста на работите ги кофинансираше Општина Кочани од сопствениот буџет.

На завршната презентација на проектот во Општина Кочани присуствуваа извршниот директор на Мрежата на асоцијации на локалните власти од Југоисточна Европа (НАЛАС), Кељменд Зајази, како и градоначалници од општините во регионот. Исто така, присуствуваше и извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, која посочи дека интересот на општините за аплицирање беше голем што покажа дека таму каде што има конкретни и опипливи инвестициски понуди за подобрување на инфраструктурата и услугите на општините, заинтересираноста на локалните власти да понудат проекти е на високо ниво. Перишиќ нагласи дека токму тоа е сериозен показател каде и како да се насочуваат фондовите кон општините, односно да претставува значаен маркер за идните проектни повици. Амбасадорката на Германија, Петра Дрекслер, пак, нагласи дека овој проект е пример дека партнерството не мора секогаш да биде на ниво на влада, туку дека може да биде и на ниво на општини, бидејќи тие се моторот на енергетската транзиција. Пред присутните се обрати и Бен Нупнау, заменик-амбасадор на Делегацијата на ЕУ кој нагласи дека воспоставениот систем за јавното осветлување во Кочани е важна пресвртница во заедничките напори за енергетска транзиција преку намалување на побарувачката за енергија и негативните последици од климатските промени, а Општина Кочани години наназад веќе работи на ова поле и сега успеа да воведе и штедлив систем на јавното осветлување.

për komunat e tjerë. Përmes platformës mund të ndiqen humbjet, konsumin, tensionin, vjedhjet e energjisë elektrike dhe të planifikohen furnizimet publike të energjisë për ndriçimin rrugor. Kjo platformë jep mundësinë të përmirësohen 69 ormanët ekzistuese që u përfshinë në projekt me elemente shtesë që do të japin edhe të dhëna për cilësinë e ajrit, ndotjen e mjedisit jetësor dhe përmirësimin e monitorimit të menaxhimit të ndriçimit publik”, tha Kryetari i Komunës së Koçanit, Ljupço Papazov.

Aplikimi i projektit “Matja e mençur dhe menaxhimi i energjisë në sistemin e ndriçimit publik në Koçan” ka zgjatur 12 muaj, për të cilin Ministria Federale Gjermane për Bashkëpunim Ekonomik dhe Zhvillim ka siguruar mbështetje maksimale deri në 50 mijë euro, ndërsa rreth 20 për qind të vlerës së punimeve i ka bashkë-financuar Komuna e Koçanit nga buxheti i saj.

Në prezantimin përfundimtar të projektit në Komunën e Koçanit ishin prezentë drejtori ekzekutiv i Rrjetit të Asociacionet të Autoriteteve Lokale të Evropës Juglindore (NALAS), Kelmend Zajazi, si dhe kryetarët e komunave në rajon. Gjithashtu ishte prezentë edhe drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së, Dushica Perishiq, e cila theksoi se interesimi i komunave për të aplikuar ishte i madh që tregoi se aty ku ka oferta konkrete dhe interesante për investime për përmirësimin e infrastrukturës dhe shërbimeve të komunave, interesimi i autoriteteve lokale për të ofruar projekte është në nivel të lartë. Perishiq theksoi se pikërisht ai është tregues serioz se ku dhe si të drejtohen fondet drejt komunave, përkatësisht të jetë tregues i rëndësishëm për thirrjet e ardhshme të projekteve. Ambasadorja e Gjermanisë, Petra Dreksler, nga ana tjetër theksoi se ky projekt është shembull se partneriteti nuk duhet të jetë gjithmonë në nivel të qeverisë, por se mund të jetë edhe në nivel komunash sepse ato janë motori i tranzicionit energjetik. Para të pranishmëve fjalim mbajti edhe Ben Nupnau, zëvendës-ambasador i Delegacionit të BE-së, i cili theksoi se sistemi i instaluar për ndriçimin publik në Koçan është një kthesë e rëndësishme në përpjekjet e përbashkëta për tranzicion energjetik duke reduktuar kërkesën për energji dhe pasojat negative të ndryshimeve klimatike, ndërsa Komuna e Koçanit tashmë me vite të tëra është duke punuar në këtë fushë dhe tani arriti të aplikoi edhe sistemin e kursyeshëm të ndriçimit publik.







## ЗЕЛС ДОМАЌИН НА 23-ТИОТ СОСТАНОК НА ЗАЕДНИЧКИОТ КОНСУЛТАТИВЕН КОМИТЕТ МЕЃУ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И КОМИТЕТОТ НА РЕГИОНИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

## BNJVL NIKOQIRE E TAKIMIT TË 23-TË TË KOMITETIT TË PËRBASHKËT KONSULTATIV NDËRMJET REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT DHE KOMITETIT TË RAJONEVE TË BASHKIMIT EVROPIAN




„Свесни сме за улогата на локалните власти во процесот на пристапувањето и претстојните преговори на нашата земја во Европската Унија, бидејќи 70 % од европското законодавство треба да се спроведе на локално ниво. Задачата на општините е да им ги доближиме европските стандарди на нашите граѓани и да ги спроведуваме и почитуваме европските прописи. Но, наместо да се фокусираме на овие активности, ние сè повеќе се соочуваме со постојани сопнувања и условувања што ни ги наметнува овој или оној сосед на патот за започнувањето на преговорите за влез во европското семејство."

Вака, претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, го започна своето воведно обраќање пред делегатите и гостите на 23-тиот состанок на Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Северна Македонија и Комитетот на регионите на Европската Унија (ЗКК), што се одржа на 30 октомври 2024 година во Скопје, во хотелот „Александар Палас". ЗЕЛС и Министерството за локална самоуправа на Република Северна Македонија се домаќини на овој настан на ЗКК, каде што 22 делегати на ова тело се од редовите на градоначалници и општински советници од нашата земја и од земјите на Европската Унија.

На овој состанок се обратија и министерот за локална самоуправа, Златко Перински; шефот за соработка од Делегацијата на ЕУ во нашата земја, Стефан Худолин и претседателот на CIVEX (Комисија за државјанство, владеење, институционални и надворешни работи при европскиот Комитет на региони, Патрик Молиноз. Тие говореа на првата тема „Развој во процесот на пристапување на РС Македонија кон ЕУ" која е константна на секој од состаноците на ЗКК. Свои ставови изнесоа и двете копретседавачки на ова тело: од наша страна – Данела Арсовска, градоначалник на Град Скопје, а од страната на Комитетот на регионите – Јасна Габриќ, член на Собранието на Општина Трбовље (Република Словенија) и член на Комитет на региони.

"Jemi të vetëdijshëm për rolin e autoriteteve lokale në procesin e anëtarësimit dhe negociatave të ardhshme të vendit tonë në Bashkimin Evropian, sepse 70% e legjislacionit evropian duhet të zbatohet në nivel lokal. Detyra e komunave është që t'ua afrojnë standardet evropiane qytetarëve tanë dhe të zbatojnë dhe respektojnë rregullat evropiane. Por, në vend që të fokusohemi në këto aktivitete, ne gjithnjë e më shumë po ballafaqohemi me pengesat dhe kushtëzimet e vazhdueshme që na imponon ky apo ai fqinj në rrugën e fillimit të negociatave për hyrjen në familjen evropiane".

Kështu e filloi fjalimin hyrës kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski, para delegatëve dhe mysafirëve në takimin e 23-të të Komitetit të Përbashkët Konsultativ ndërmjet Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe Komitetit të Rajoneve të Bashkimit Evropian (KPK), i cili u mbajt më 30 tetor 2024 në Shkup, në hotelin "Aleksandar Palas". BNJVL-ja dhe Ministria e Vetëqeverisjes Lokale të Republikës së Maqedonisë së Veriut ishin nikoqirë të kësaj ngjarjeje të KPK-së, ku 22 delegatë të këtij trupi janë nga radhët e kryetarëve të komunave dhe këshilltarëve komunalë nga vendi ynë dhe nga vendet e Bashkimit Evropian.

Në këtë takim fjalim mbajtën edhe Ministri i Vetëqeverisjes Lokale, Zllatko Perinski, shefi për bashkëpunim i Delegacionit të BE-së në vendin tonë, Stefan Hudolin dhe kryetari i Komisionit CIVEX (Komisioni për Shtetësinë, Qeverisjen, Punët Institucionale dhe të Jashtme në Komitetin Evropian të Rajoneve), Patrik Molinoz. Ata folën për temën e parë "Zhvillimi në procesin e anëtarësimit të Republikës së Maqedonisë së Veriut në BE", që është konstante në secilin nga takimet e KPK-së. Qëndrimet e tyre i shprehën edhe dy bashkë-kryesueset e këtij trupi: nga ana jonë – Danella Arsovska, kryetare e Qytetit të Shkupit, ndërsa nga ana e Komitetit të Rajoneve – Jasna Gabriq, anëtare e Kuvendit të Komunës Tërbovlje (Republika e Sllovenisë) dhe anëtare e Komitetit të Rajoneve.



Данела Арсовска говореше за значењето на искуствата што нашите општини ги добиваат од колегите од земјите од ЕУ за да не ги повториме истите грешки на патот кон интегрирање на земјата во Унијата, но и искуства за начинот на спроведување на европските стандарди. Таа посочи дека треба да се стремиме кон продлабочување на децентрализацијата и обезбедување на сериозна финансиска самостојност на општините. Притоа го спореди буџетот на Град Скопје што по висина е сличен на некоја помала општина од Србија. Како предизвик за нашата земја ја потенцира и потребата од сузбивањето на корупцијата, при што укажа на годинашниот Извештај подготвен од GREKO, каде за првпат е анализирана и корупцијата во локалната власт. Арсовска ја искористи и можноста јавно да ѝ се заблагодари за успешната соработка на Јасна Габриќ, копретседавачка на ЗКК.

Габриќ укажа дека на патот кон ЕУ треба да се работи на сопствените промени и подобрувања и дека и понатаму членството во ЕУ се заснова само врз заслуги. Таа потенцираше дека не е важно само да се затворат кластерите, туку уште поважно е да се успее да се смени свеста на граѓаните за да ги прифатат потребните институционални промени и реформи. И Габриќ, како и шефот за соработка во Делегацијата на Европската Унија во нашата земја, Стефан Худолин, нагласи дека токму денес Европската комисија го објавила Извештајот за проширување на земјите кандидатки, во кој е посочено дека нашата земја има ограничен напредок и дека и понатаму треба да се работи на реформи во судството и сузбивање на

Danella Arsovska foli për rëndësinë e përvojave që i marrin komunat tona nga kolegët e tyre nga Bashkimi Evropian që të mos përsërisim të njëjtat gabime në rrugën e integrimit të vendit në Union, por edhe përvoja për mënyrën e zbatimit të standardeve evropiane. Ajo theksoi se duhet të përpiqemi për thellimin e decentralizimit dhe sigurimin e pavarësisë serioze financiare të komunave. Ajo gjithashtu krahasoi buxhetin e qytetit të Shkupit, i cili për nga vlera është i ngjashëm me një komunë më të vogël në Serbi. Si sfidë për vendin tonë ajo theksoi edhe nevojën për çrrënjosjen e korrupsionit, duke theksuar Raportin e këtij viti të përgatitur nga GREKO, ku për herë të parë është analizuar edhe korrupsioni në pushtetin lokal. Arsovska shfrytëzoi mundësinë të falënderojë publikisht Jasna Gabriqin, bashkë-kryesuesen e KPK-së, për bashkëpunimin e suksesshëm.

Gabriq theksoi se në rrugën drejt BE-së duhet të punohet në ndryshime dhe përmirësime të veta dhe se anëtarësimi në BE edhe më tej bazohet vetëm në merita. Ajo theksoi se nuk është e rëndësishme vetëm mbyllja e klasterëve, por është edhe më e rëndësishme që të ketë sukses në ndryshimin e vetëdijes së qytetarëve për t'i pranuar ndryshimet dhe reformat e nevojshme institucionale. Edhe Gabriq sikurse shefi për bashkëpunim i Delegacionit të Bashkimit Evropian në vendin tonë, Stefan Hudolin, theksuan se pikërisht sot Komisioni Evropian publikoi Raportin për zgjerimin e vendeve kandidate, në të cilin theksohet se vendi ynë ka progres të kufizuar dhe se duhet të vazhdohet të punohet për reformat në gjyqësor dhe çrrënjosjen e korrupsionit.









корупцијата. Худолин посочи дека во овој момент на светски геостратешки превирања, Европската Унија треба да биде единствена и дека таа им дава поддршка на земјите од Западен Балкан за нивно побрзо интегрирање во Унијата. Во таа насока го нагласи значењето на утврдувањето на посебен Комесар за проширување на ЕУ, од страна на Европската комисија, како и одобрениот План за раст на Западен Балкан, за побрзо економско интегрирање на земјите од регионот во ЕУ.

### „Дигитална транзиција во локалните и регионалните јавни услуги“, втора тема за дискусија на делегатите на ЗКК

На дискусијата на втората тема „Дигитална транзиција, во локалните и регионалните јавни услуги“ пред присутните се обратија заменик-министерот за дигитална трансформација во нашата земја, Радослав Настасијевиќ Варџински; известителот на Комитетот на региони за зајакнување на локалната власт и претставничката демократија преку нови инструменти за дигитална технологија, Раит Пихелгас, како и претставници од НАЛАС и од АЛДА. Беа нагласени стратегиските правци на нашата земја за побрзо спроведување на системи и услови за дигитализација на услугите. Според изнесените искуства од Естонија, беше препорачано при реформите во оваа област фокусот да се стави на услугите што ги сакаат граѓаните во електронска форма; тие да бидат едноставни за користење и да бидат усогласени меѓу локалното и

Hudolin theksoi se në këtë moment të trazirave gjeostrategjike globale, Bashkimi Evropian duhet të jetë unik dhe se ai u jep mbështetje vendeve të Ballkanit Perëndimor për integrimin e tyre më të shpejtë në Union. Në këtë drejtim e theksoi rëndësinë e përcaktimit të një komisionari të posaçëm për zgjerimin e BE-së, nga ana e Komisionit Evropian, si dhe plani i miratuar për rritjen e Ballkanit Perëndimor, për integrim më të shpejtë ekonomik të vendeve të rajonit në BE.

### “Tranzicioni digjital në shërbimet publike lokale dhe rajonale”, temë e dytë diskutimi e delegatëve të KPK-së

Në diskutim, për temën e dytë “Tranzicioni digjital në shërbimet publike lokale dhe rajonale”, para të pranishmëve folën Zëvendës-ministri për Transformim Digjital në vendin tonë, Radosllav Nastasijeviq Varxhinski, raportuesi i Komitetit të Rajoneve për forcimin e pushtetit lokal dhe demokracisë përfaqësuese përmes instrumenteve të reja të teknologjisë digjitale, Rait Pihelgas, si dhe përfaqësues nga NALAS dhe ALDA. U theksuan drejtimet strategjike të vendit tonë për zbatimin më të shpejtë të sistemeve dhe kushteve për digjitalizimin e shërbimeve. Sipas përvojave të prezantuara nga Estonia, u rekomandua që gjatë zbatimit të reformave në këtë sferë fokusi t’u vihet shërbimeve që duan qytetarët në formë elektronike, ato të jenë të thjeshta për përdorim dhe të harmonizohen ndërmjet nivelit lokal dhe atij qendror për










централното ниво заради поголема операбилност. Исто така, од особена важност е да се води грижа за поставеноста на мрежата и опременоста, за човечките ресурси, а особено за обезбедување заштита на податоците. На општините им беше посочено дека треба да се стремат за соработка и заемно интегрирање на електронските системи, а не секоја општина да употребува свој систем.

Претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, пак, посочи дека оваа Влада на општините им дава поддршка не само за реализација на инфраструктурни проекти и реформи во локалната власт, туку планира поддршка и во обезбедување на што повеќе електронски услуги за граѓаните. Една од конкретните заложби е и обезбедување на софтвер за „е-даноци", нешто за што ЗЕЛС се залага веќе шест години. Тоа го потврди и министерот за локална самоуправа Пирински. Тој најави дека се прават подготовки и за отворање дискусија за промени во Законот за локална самоуправа, но, исто така и во областа на дигиталната трансформација.

На состанокот беше изнесена и добра практика за „смарт" услуги, што се реализира во Општина Делчево со поддршка на НАЛАС и со која се обезбедува подобрување на испораката на социјално-здравствените услуги за граѓаните. Станува збор за услуга поврзана со обезбедување на опрема што ќе ја користат матичните лекари од општината, а која е наменета за следење на виталните здравствени параметри кај граѓаните, со фокус на старите и изнемоштени лица што живеат во оддалечените и руралните средини. Целта е да им се помогне на луѓето и да се следи нивната здравствена состојба, а притоа да не бидат изложени на постојани патувања и чекање во амбулантите.

funksionueshmëri më të madhe. Gjithashtu është shumë e rëndësishme të bëhet kujdes për pozicionimin e rrjetit dhe pajisjet, resurset njerëzore dhe veçanërisht për sigurimin e mbrojtjes së të dhënave. Për komunat u theksua se duhet të përpiqen për bashkëpunim dhe integrim të ndërsjellë të sistemeve elektronike, e jo që secila komunë të përdorë sistemin e vet.

Kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski, theksoi se kjo Qeveri u jep përkrahje komunave jo vetëm për realizimin e projekteve infrastrukturore, reformat në pushtetin lokal, por planifikon mbështetje edhe në sigurimin e sa më shumë shërbimeve elektronike për qytetarët. Një nga zotimet konkrete është edhe sigurimi i softuerit për "e-tatime", për të cilin BNJVL-ja zotohet tashmë gjashtë vjet. Këtë e ka konfirmuar edhe Ministri i Pushtetit Lokal, Perinski. Ai ka paralajmëruar se po bëhen përgatitje edhe hapjen e diskutimit për ndryshimet në Ligjin për Vetëqeverisje Lokale, por edhe në pjesën e transformimit digjital.

Në takim u prezantua edhe një praktikë e mirë për shërbime "smart", e cila zbatohet në Komunën e Dellçevës me mbështetjen e NALAS-it dhe me të cilën sigurohet përmirësimi i zbatimit të shërbimeve sociale-shëndetësore për qytetarët e saj. Bëhet fjalë për një shërbim që ka të bëjë me sigurimin e aparaturave që do të përdorin mjekët amë nga komuna, të cilat janë të dedikuara për monitorimin e parametrave vitalë shëndetësorë të qytetarëve, me fokus te personat e moshuar dhe të dobët që jetojnë në mjediset e largëta dhe rurale. Qëllimi është të ndihmohen njerëzit dhe të monitorohet shëndeti i tyre, duke mos u ekspozuar ndaj udhëtimeve dhe pritjeve të vazhdueshme në ambulante.

## ОПШТИНИТЕ И ВЛАДАТА НА РСМ ПОТПИШАА 274 ДОГОВОРИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ

## KOMUNAT DHE QEVERIA E RMV-SË KANË NËNSHKRUAR 274 KONTRATA PËR REALIZIMIN E PROJEKTEVE INFRASTRUKTURORE



Во следниот период, општините ќе реализираат проекти во делот на транспортот, образованието, социјалната политика, културата и туризмот, животната средина и во спортот. По јавниот оглас за грантови за општините за ифраструктурни проекти што го објави Владата на РСМ на пригодна свеченост, што се одржа на 27 октомври, 2024 година во Владата на РСМ, беа потпишани договорите меѓу градоначалниците и ресорните министри за реализација на 274 проекти за капитални инвестиции во вредност од 4,1 милијарда денари. Речиси 133 милиони денари се одвојуваат за реконструкции, изградба и модернизирање на училишта и спортски сали. За реализација на инфраструктурни проекти од областа на транспортот се одвојуваат околу две милијарди и 800 милиони денари, а проектите се однесуваат на инвестиции во локалната патна мрежа, коловози, патеки, пристапни улици. Во делот на социјалната политика ќе бидат инвестирани околу 59 милиони денари што ќе бидат употребени за изградба на нови детски градинки. Во областа на спортот беа потпишани договори во висина од 220 милиони денари за изградба на центри за спорт, рекреативни паркови и спортски сали. За реализација на проекти од културата и туризмот обезбедени се приближно 200 милиони денари .Договори беа потпишани и за проекти од областа на животната средина и просторното планирање , каде ќе бидат инвестирани блиску 630 милиони денари.

Në periudhën e ardhshme, komunat do të realizojnë projekte në sferën e transportit, arsimit, politikës sociale, kulturës dhe turizmit, mjedisit jetësor dhe sportit. Pas shpalljes publike për grante për komunat për projekte infrastrukturore që e shpalli Qeveria e RMV-së në një ceremoni adekuate që u mbajt më 27 tetor 2024 në hapësirat e saja, u nënshkruan kontratat ndërmjet kryetarëve të komunave dhe ministrave të resorit për realizimin e 274 projekteve të investimeve kapitale në vlerë prej 4,1 miliardë denarë. Gati 133 milionë denarë ndahen për rindërtim, ndërtim dhe modernizim të shkollave dhe sallave sportive. Rreth dy miliardë e 800 milionë denarë ndahen për realizimin e projekteve infrastrukturore në sferën e transportit, ndërsa projektet kanë të bëjnë me investime në rrjetin lokal rrugor, rrugë, shtigje, rrugë hyrëse. Në sferën e politikave sociale do të investohen rreth 59 milionë denarësh, të cilat do të përdoren për ndërtimin e kopshteve të reja të fëmijëve. Në sferën e sportit u nënshkruan kontrata në vlerë prej 220 milionë denarësh për ndërtimin e qendrave sportive, parqeve rekreative dhe sallave sportive. Përafërsisht 200 milionë denarësh janë siguruar për realizimin e projekteve të sferës së kulturës dhe turizmit. Janë nënshkruar edhe kontratat për projekte të sferës së mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor, ku do të investohen rreth 630 milionë denarësh.





За општините кои не добиле од овие средства, поради одредени недостатоци во документацијата или не успеале во дадениот рок да ги достават проектите им се овозможува тоа да го сторат до 15 ноември, 2024 година. Со тоа се очекува бројот на проекти што ќе ги реализираат општините да ја достигне бројката до вкупно 350 проекти, а висината на средства што ќе бидат наменети за општините во оваа фаза ќе достигне до шест милијарди денари. За следната година најавено беше дека ќе бидат финансирани проекти од 15 милијарди денари.

Për komunat që nuk kanë marrë nga këto mjete, për shkak të mangësive në dokumentacion ose nuk kanë dorëzuar projektet brenda afatit të caktuar, kanë mundësi ta bëjnë këtë deri më 15 nëntor 2024. Me këtë, pritet që numri i projekteve që do t'i realizojnë komunat të arrijë në gjithsej 350 projekte, ndërsa shuma e mjeteve që do t'u ndahen komunave në këtë fazë do të arrijë deri në gjashtë miliardë denarë. Për vitin e ardhshëm është paralajmëruar se do të financohen projekte në vlerë prej 15 miliardë denarë.

## ОДБЕЛЕЖАНА 20–ГОДИШНИНАТА ОД ОСНОВАЊЕТО НА НАЛАС ВО РАМКИТЕ НА 47-ТА ПЛЕНАРНА СЕДНИЦА НА КОНГРЕСОТ НА ЛОКАЛНИ И РЕГИОНАЛНИ ВЛАСТИ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

„Локалната демократија како столб на мирот и стабилноста на Југоисточна Европа“ беше насловот на дебатата што беше организирана на 15 октомври 2024 година, во Стразбур (Франција) во рамките на 47-та пленарна седница на Конгресот на локални и регионални власти на Советот на Европа. Поводот за оваа дебата беше одбележувањето на 20-годишнината од основањето на Мрежата на асоцијации на локални власти на земјите од Југоисточна Европа (НАЛАС). На овој настан, како и во повеќедневните активности на НАЛАС, организирани во периодот од 15 до 18 октомври 2024 година, во Стразбур, учествуваа извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ и првиот в. д. претседател на НАЛАС, тогашниот претседател на ЗЕЛС, Горан Ангелов. Всушност, ЗЕЛС е асоцијација основач на НАЛАС и во континуитет е активна членка веќе 20 години. Првото генерално собрание на НАЛАС се одржа во Скопје, а од основањето па до денес, во Скопје се наоѓа и Кацеларијата на НАЛАС.

Пред делегатите на Конгресот на локални и регионални власти на Советот на Европа и пред поканетите гости и претставници од асоцијациите на локалните власти

## U SHËNUA 20 VJETORI I THEMELIMIT TË NALAS-IT NË KUADËR TË SEANCËS SË 47-TË PLENARE TË KONGRESIT TË AUTORITETEVE LOKALE DHE RAJONALE TË KËSHILLIT TË EVROPËS

“Demokracia lokale si shtyllë e paqes dhe stabilitetit në Evropën Juglindore” ishte titulli i debatit që u organizua më 15 tetor 2024 në Strasburg (Francë) në kuadër të mbajtjes së seancës së 47-të plenare të Kongresit të Autoriteteve Lokale dhe Rajonale të Këshillit të Evropës. Shkaku i këtij debati ishte shënimi i 20 vjetorit të themelimit të Rrjetit të Asociacioneve të Autoriteteve Lokale të Vendeve të Evropës Juglindore (NALAS). Në këtë ngjarje, si dhe në aktivitetet disaditëshe të NALAS-it, të organizuara në periudhën prej 15 deri më 18 tetor 2024 në Strasburg, morën pjesë drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së, Dushica Perishiq dhe ushtruesi i parë i detyrës së kryetarit të NALAS-it, kryetari i atëhershëm i BNJVL-së, Goran Angellov. Në fakt, BNJVL-ja është asociacioni themelues i NALAS-it dhe në vazhdimësi është anëtare aktive për 20 vjet. Kuvendi i parë Gjeneral i NALAS-it u mbajt në Shkup, dhe që nga themelimi i tij e deri më sot, në Shkup gjendet edhe zyra e NALAS-it.

Para delegatëve të Kongresit të Autoriteteve Lokale dhe Rajonale të Këshillit të Evropës dhe mysafirëve të ftuar dhe përfaqësuesve të asociacioneve të autoriteteve lokale nga






од земјите од Југоисточна Европа се обрати актуелниот претседател на НАЛАС, Душан Раичевиќ, градоначалник на Бар (Црна Гора). Тој потсети дека ова здружение е создадено токму со поддршка на Конгресот, а со цел промовирање на механизми на зближување на земјите од ЈИЕ и обезбедување поддршка за спроведување на европските стандарди на локално ниво. Воедно, посочи дека НАЛАС прерасна во влијателна мрежа која им дава поддршка на локалната демократија, децентрализацијата и на локалната самоуправа во земјите од Југоисточна Европа, особено при нивното пристапување во Европската Унија. На оваа дебата се обрати и потпретседателот на Европскиот комитет на регионите, Андерс Кнапе, а изјава даде и Теодорос Русопулос, претседател на Парламентарното собрание на Советот на Европа.

На 47-та седница на Конгресот на локални и регионални власти на Советот на Европа беа разгледувани повеќе извештаи од следењето на примената на Европската повелба за локална самоуправа, а се дискутираше и за други теми: „Поттикнување на циркуларна економија на локално и регионално ниво“; „Улогата на регионите во меѓународната соработка за обновување на Украина“ и „Дигитализација, вештачка интелигенција и регионално управување“. На последната тема, свое излагање имаше Иван Донев, младински делегат од нашата земја.

Членовите на Управното тело на НАЛАС одржаа состанок во Стразбур, на кој дискутираа за реализацијата на Акцискиот план на НАЛАС за 2024 година и Финансискиот извештај за тековната година. Беше отворена и дискусија околу реализацијата на активностите и достигнувањата на проектот SORI 3, во кој ЗЕЛС е една од шесте асоцијации на земјите од Западен Балкан која учествува и го спроведува овој проект на локално ниво. Во рамките на проектот беа презентирани Извештајот за проценка на состојбата во асоцијациите и нивните капацитети за застапување за воведување на социјални услуги на локално ниво, како и Методологијата за застапување и развој на социјалната инклузија.

vendet e Evropës Juglindore fjalim mbajti kryetari aktual i NALAS-it, Dushan Raiçeviq, kryetar i Komunës së Tivarit (Mali i Zi). Ai përkujtoi se kjo shoqatë është krijuar pikërisht me mbështetjen e Kongresit, me qëllim të promovimit të mekanizmave të përafrimit të vendeve të Evropës Juglindore dhe sigurimit të mbështetjes për zbatimin e standardeve evropiane në nivel lokal. Ai njëkohësisht theksoi se NALAS-i është shndërruar në një rrjet me ndikim që mbështet demokracinë lokale, decentralizimin dhe vetëqeverisjen lokale në vendet e Evropës Juglindore, veçanërisht gjatë anëtarësimit të tyre në Bashkimin Evropian. Në këtë debat foli edhe nënkryetari i Komitetit Evropian të Rajoneve, Anders Knape, ndërsa deklaratë dha edhe Teodoros Rusopullos, kryetar i Asamblesë Parlamentare të Këshillit të Evropës.

Në seancën e 47-të të Kongresit të Autoriteteve Lokale dhe Rajonale të Këshillit të Evropës u shqyrtuan më shumë raporte nga monitorimi i zbatimit të Kartës Evropiane për Vetëqeverisjen Lokale, si dhe u diskutuan edhe tema të tjera: “Inkurajimi i ekonomisë cirkulare në nivel lokal dhe rajonal”; “Roli i rajoneve në bashkëpunimin ndërkombëtar për rimëkëmbjen e Ukrainës” dhe “Digjitalizimi, inteligjenca artificiale dhe qeverisja rajonale”. Në temën e fundit, prezantimin e tij e pati Ivan Donev, delegat i të rinjve nga vendi ynë.

Anëtarët e Trupit drejtues të NALAS-it mbajtën një takim në Strasburg, në të cilin diskutuan për zbatimin e Planit aksionar të NALAS-it për vitin 2024 dhe Raportin financiar për vitin aktual. U hap edhe diskutim për realizimin e aktiviteteve dhe arritjeve të projektit SORI 3, ku BNJVL është një nga gjashtë asociacionet e vendeve të Ballkanit Perëndimor të cilat merrin pjesë dhe zbatojnë këtë projekt në nivel lokal. Në kuadër të projektit u prezantuan Raporti për vlerësimin e gjendjes në asociacionet dhe kapacitetet e tyre për avokim për aplikimin e shërbimeve sociale në nivel lokal, si dhe Metodologjia për avokim dhe zhvillim të përfshirjes sociale.

## ЗЕЛС ОРГАНИЗИРАШЕ РАБОТИЛНИЦА ЗА РАЗВИВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПРОГРАМИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

Во рамките на „Менторската програма за интегрирање на родовата еднаквост во локалните програми" што ја спроведува ЗЕЛС со експертска поддршка од Канцеларијата на UN Women во Скопје, беше организирана првата работилница за развивање локални програми за поттикнување на женското претприемништво од страна на општините. На работилницата, што се одржа во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот, на 15 октомври 2024 година, учествуваа претставници од општинската администрација, координатори/координаторки за еднакви можности и членови на интерсекторската работна група за родово одговорно буџетирање од општините: Битола, Демир Хисар, Кисела Вода, Кочани и Штип. Претставниците од овие пет општини, како и од општините Охрид и Струга (кои не успеаја да присуствуваат на оваа прва средба) ги исполнија потребните услови што ЗЕЛС ги утврди во јавниот повик до општините, објавен во првата половина на оваа година. Предвидено е со експертките од Канцеларијата на UN Women во Скопје да се одржи уште една работилница, а потоа секоја општина да добие и директна менторска поддршка во креирањето на концептот или на програмата на општината за поддршка на женското претприемништво. Програмата треба да содржи мерки, активности и финансиски средства што локалната власт има можности да ги реализира во насока на поттикнување и поддршка на жените за отворање сопствен бизнис или продажба на производи што тие ги создаваат.

Со цел работилниците да бидат што попролезни за претставниците од општините, ЗЕЛС, со експертска поддршка, креираше прашалник што го испрати до општините, а преку кој треба да се добијат сознанија за родовите предизвици со кои се соочува локалната власт, но и да се добијат сознанија за можностите и ресурсите со кои таа располага. Експертките, на почетокот на работилницата, ги анализираа податоците од доставените документи од општините (пополнетиот прашалник, Програмата за ЛЕР, Програмата за еднакви можност на жените и мажите, родовите податоци за општината поставени од Агенцијата за вработување) кои треба да им помогнат во развојот на мерките за поддршка на женското претприемништво. Наодите од овие документи беа презентирани за секоја општина посебно, при што беа изнесени насоки како во иднина да пристапат кон обезбедување поспецифични, родово разделени и мерливи податоци. На тој начин, општината ќе може да креира конкретни мерки и активности кои ќе дадат најголеми резултати при поттикнувањето на женското претприемништво и во процесот на надминување на родовите стереотипи, а истовремено ќе овозможат и задоволување на важни услуги за кои населението има приоритетни потреби. Поточно, беше укажано дека



## BNJVL ORGANIZOI PUNËTORI PËR ZHVILLIMIN E PROGRAMEVE LOKALE PËR NXITJEN E SIPËRMARRËSISË FEMËRORE

Në kuadër të "Programit mentorues për integrimin e barazisë gjinore në programet lokale" të cilin e zbaton BNJVL me përkrahje të eksperëve nga Zyra e UN Women në Shkup, u organizua punëtoria e parë për zhvillimin e programeve lokale për nxitjen e sipërmarrësisë femërore nga ana e komunave. Në punëtorinë që u mbajt në hapësirat e Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së, më 15 tetor 2024, morën pjesë përfaqësues nga administrata komunale, koordinatorë/koordinatore për mundësi të barabarta dhe anëtarë të grupit ndër-sektorial punues për buxhetim të përgjegjshëm gjinor nga komunat: Manastir, Demir Hisar, Kisella Vodë, Koçan dhe Shtip. Përfaqësuesit nga këto pesë komuna, si dhe ata nga komunat e Ohrit dhe Gostivarit (të cilët nuk arritën të merrnin pjesë në këtë takim të parë) i plotësuan kushtet e nevojshme që BNJVL i përcaktoi në thirrjen publike drejtuar komunave, të publikuar në gjysmën e parë të këtij viti. Është paraparë të mbahet një punëtori tjetër me ekspertet nga Zyra e UN Women në Shkup, e pastaj secila komunë të marrë edhe mbështetje direkte mentoruese në krijimin e konceptit apo programit të komunës për përkrahjen e sipërmarrësisë femërore. Programi duhet të përmbajë masa, aktivitete dhe mjete financiare që pushteti lokal ka mundësi t'i realizojë në drejtim të nxitjes dhe mbështetjes së grave për të hapur biznesin e tyre apo për të shitur produktet që ato krijojnë.

Me qëllim që punëtoritë të jenë sa më të dobishme për përfaqësuesit e komunave, BNJVL-ja, me mbështetjen e ekspertëve, përpiloi pyetësor të cilin ua dërgoi komunave, përmes të cilit duhet të merren informacione për sfidat gjinore me të cilat ballafaqohet pushteti lokal, por edhe të merren informacione për mundësitë dhe resurset që ka në dispozicion ai. Në fillim të punëtorisë, ekspertët analizuan të dhënat nga dokumentet e dorëzuara nga komunat (pyetësori i plotësuar, Programi për ZHEL, Programi për mundësi të barabarta për gratë dhe burrat, të dhënat gjinore për komunën të përcaktuara nga Agjencia e Punësimit) të cilat duhet ta ndihmojnë ato në zhvillimin e masave për mbështetjen e sipërmarrësisë femërore. Gjetjet e këtyre dokumenteve u prezantuan për secilën komunë veç e veç, duke prezantuar udhëzime se si t'i qasen në të ardhmen sigurimit të të dhënave më specifike, të ndara sipas gjinisë dhe të matshme. Në atë mënyrë, komuna do të mund të krijojë masa dhe aktivitete konkrete që do të japin rezultatet më të mëdha në nxitjen e sipërmarrësisë femërore dhe në procesin e tejkalimit të stereotipave gjinore, dhe në të njëjtën kohë do të mundësojnë zbatimin e shërbimeve të rëndësishme për të cilat popullata ka nevoja prioritare. Më saktësisht, u theksua se është e një rëndësie të madhe që komuna të përcaktojë në



од голема важност е општината да ги утврди попрецизно објективните состојби на терен и врз основа на тие податоци да креира политики со кои на најдобар начин ќе ги задоволи потребите на населението за одредени услуги и истовремено ќе го поттикне женското претприемништво во таа насока.

На работилницата беше нагласено дека општината треба да креира средина во која жените ќе ја препознаат или зголемат својата креативност и ќе се охрабрат да ја преточат во сопствен бизнис. Општината е таа што треба да ги поддржи во нивните заложби, но притоа треба да води грижа поддршката да ја даде онаму каде што претходно утврдила дека населението ќе има најголеми придобивки. На тој начин, општината ќе ја има улогата на медијатор меѓу потенцијалот на женската креативност во таа локална власт и објективните потреби на своето население, при што полза ќе имаат двете страни.

Присутните ги изнесоа и предизвиците со кои се соочува локалната власт при собирањето родови податоци, но и при спроведувањето на иницијативите за организирање собири за поттикнување на женското претприемништво. Стана збор и за недоволната буџетска поддршка од општините за посериозно финансирање на самиот почеток на развивањето на бизнис-идеите на жените. Потоа, беа изнесени и дилемите дали да се подготвува самостојна програма за мерки и активности за женско претприемништво или активностите да се стават во рамките на Програмата за локален економски развој на општината и во другите секторски годишни програми. Стана збор и за потребата и можностите за поттикнување на Советот на жени претприемачи. Претставничката од ЗЕЛС изнесе добри примери на поддршка на женското претприемништво од Општина Бар (Црна Гора) при што посочи и на досегашната десетгодишна соработка меѓу ЗЕЛС и Канцеларијата на UN Women во Скопје за поддршка на родовата еднаквост и родово буџетско финансирање на општините од нашата земја. Беше нагласено дека ЗЕЛС има изработено и Стратегија за поддршка на општините за родова еднаквост, која заедно со Акцискиот план успешно се реализира во континуитет.

mënyrë më precize gjendjet objektive në terren dhe në bazë të këtyre të dhënave të krijojë politika me të cilat në mënyrë më ideale do të plotësojë nevojat e popullatës për shërbime të caktuara dhe në të njëjtën kohë do ta inkurajojë sipërmarrësinë femërore në atë drejtim.

Në punëtori u theksua se komuna duhet të krijojë një mjedis në të cilin gratë do ta identifikojnë apo rrisin kreativitetin e tyre dhe do të inkurajohen ta kthejnë atë në biznes të tyre. Komuna është ajo që duhet t'i mbështesë ato në përpjekjet e tyre, por njëkohësisht duhet të kujdeset të japë mbështetjen aty ku paraprakisht ka përcaktuar se popullata do të ketë përfitimet më të mëdha. Në atë mënyrë, komuna do të ketë rolin e ndërmjetësuesit ndërmjet potencialit të kreativitetit femëror në atë pushtet lokal dhe nevojave objektive të popullatës së tij, kështu që përfitim do të kenë të dyja palët.

Të pranishmit prezantuan edhe sfidat me të cilat ballafaqohet pushteti lokal gjate mbledhjes së të dhënave gjinore, por edhe gjatë zbatimit të iniciativave për organizimin e tubimeve për nxitjen e sipërmarrësisë femërore. U bë fjalë edhe për mbështetjen e pamjaftueshme buxhetore nga komunat për financime më serioze që në fillimet e zhvillimit të ideve të biznesit të grave. Pastaj u ngritën edhe dilemat nëse të përgatitet një program i pavarur për masat dhe aktivitetet për sipërmarrësinë femërore apo aktivitetet të vendosen në kuadër të Programit për zhvillim ekonomik lokal të komunës dhe në programet e tjera sektoriale vjetore. U bë fjalë edhe për nevojën dhe mundësitë për inkurajimin e Këshillit të grave sipërmarrëse. Përfaqësuesja e BNJVL-së prezantoi shembuj të mirë të përkrahjes së sipërmarrësisë femërore nga Komuna e Tivarit (Mali i Zi), duke theksuar bashkëpunimin e deritanishëm dhjetëvjeçar ndërmjet BNJVL-së dhe Zyrës së UN Women në Shkup për përkrahjen e barazisë gjinore dhe financimin buxhetor gjinor të komunave nga vendi ynë. U theksua se BNJVL-ja ka zhvilluar edhe Strategjinë për përkrahje të komunave për barazi gjinore, e cila së bashku me Planin aksionar me sukses zbatohet në vazhdimësi.

## ПРЕЗЕНТИРАНИ НАОДИТЕ ОД ПРАШАЛНИКОТ ЗА ПРОЦЕНА НА СТАВОВИТЕ НА ОПШТИНИТЕ ЗА ПРОЦЕСОТ НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ НА ЛОКАЛНО НИВО

„Финансиска поддршка на општините од централната власт, преку блок дотации, за спроведување надлежности од социјалната заштита на локално ниво; обезбедување на административни и стручни кадри во општините и континуирано јакнење на нивните капацитети; отстапување на државни објекти на општината за спроведување на социјалните услуги и засилено лобирање за соодветни законски измени што ќе обезбедат солидна основа за децентрализирање на социјалната заштита на локално ниво.“ Ова се основните заклучоци што произлегоа од одговорите на прашалникот што го изработи ЗЕЛС со експертска поддршка и го достави до сите општини во земјата со цел да ги утврди актуелните состојби на: институционалната поставеност во општините во областа на социјалната заштита; состојбата со административните капацитетите; степенот на подготвени стратешки документи за развој на оваа област; начинот на воспоставување и спроведување на социјалните услуги и расположението/ставовите на општините за целосно преземање на надлежностите од социјалната заштита. Наодите од прашалникот се направени врз основа на досега пристигнатите одговори од 25 општини и беа презентирани

## U PREZANTUAN GJETJET E PYETËSORIT PËR VLERËSIMIN E QËNDRIMEVE TË KOMUNAVE PËR PROCESIN E DECENTRALIZIMIT TË SHËRBIMEVE SOCIALE NË NIVEL LOKAL

“Mbështetje financiare për komunat nga pushteti qendror nëpërmjet bllok dotacioneve për zbatimin e kompetencave të sferës së mbrojtjes sociale në nivel lokal; sigurim i kuadrove administrative dhe profesionale në komuna dhe forcim i vazhdueshëm i kapaciteteve të tyre; dhënie për përdorim e objekteve shtetërore komunës për zbatimin e shërbimeve sociale dhe intensifikimi i lobimit për ndryshimet përkatëse ligjore që do të sigurojnë një bazë solide për decentralizimin e mbrojtjes sociale në nivel lokal”. Këto janë konkluzionet themelore që dolën nga përgjigjet e pyetësorit, të cilin e përpiloi BNJVL me përkrahje të ekspertëve dhe ua dërgoi të gjitha komunave në vend me qëllim të përcaktimit të gjendjeve aktuale të pozicionimit institucional në komuna në sferën e mbrojtjes sociale, gjendjes me kapacitetet administrative, shkallës së dokumenteve të përgatitura strategjike për zhvillimin e kësaj sfere, mënyrës së krijimit dhe zbatimit të shërbimeve sociale dhe mendimit/qëndrimeve të komunave për ndërmarrjen e plotë të kompetencave të sferës së mbrojtjes sociale. Gjetjet e pyetësorit janë bërë në bazë të përgjigjeve të marra deri më tani nga 25 komuna dhe të njëjtat u prezantua



на првата консултативна средба која се одржа на 22 октомври 2024 година, во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот, пред претставниците од општинската администрација, кои досега имаат најголем напредок во спроведувањето на активности во областа на социјалната заштита.

Средбата беше дел од активностите што ги реализира ЗЕЛС, од компонентата за застапување и лобирање за продолжување на реформскиот процес на системот за социјална заштита, во рамките на проектот „Регионална соработка за подобра социјална инклузија на локално ниво". Заедно со асоцијациите на локалните власти во петте држави: Албанија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Србија и Косово, ЗЕЛС е партнер организација на спроведувачите на проектот, НАЛАС и ГИЗ. Целта на проектот е да ги поддржи локалните самоуправи и асоцијациите во зајакнувањето на нивните капацитети поврзани со развојот и спроведувањето на политики и примери со социјална и економска инклузија на ранливите групи, со посебен фокус на девојчиња и жени на локално ниво.

### Актуелни состојби во општините за реализирање на надлежности од областа на социјалната заштита

Прашалникот беше поделен во сет прашања од три категории: институционална поставеност; капацитети со кои располагаат општините и финансирање на овие услуги. Според добиените одговори за институционалната поставеност на општините за спроведување на социјалните услуги, утврдено е дека процентот на општини кои имаат одделение за социјална заштита е минимален, односно дека овие обврски се доделени во одделенијата за правни и општи работи, за локален економски развој, одделението за јавни дејности и слично и најчесто е определено само со едно лице, на кое освен обврските од социјалната заштита му се доделени и дополнителни задолженија од други области. Има и случаи каде општината во систематизацијата предвидела работно место за извршување на работни задачи од областа на социјалната заштита, но тоа не е пополнето. Во сетот прашања за тоа кои институции за обезбедување социјална заштита постојат во општината, во најголемиот број одговори наведени

në takimin e parë konsultativ që u mbajt më 22 tetor 2024 në hapësirat e Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së, para përfaqësuesve të administratës komunale, të cilët kanë bërë deri më tani përparimin më të madh në zbatimin e aktiviteteve në sferën e mbrojtjes sociale.

Takimi ishte pjesë e aktiviteteve të cilat i realizon BNJVL-ja nga komponenti i avokimit dhe lobimit për vazhdimin e procesit reformues të sistemit të mbrojtjes sociale, në kuadër të Projektit "Bashkëpunimi rajonal për përfshirje më të mirë sociale në nivel lokal". Së bashku me asociacionet e autoriteteve lokale në pesë vendet: Shqipëri, Bosnjë dhe Hercegovinë, Maqedoninë e Veriut, Serbi dhe Kosovë është organizatë partnere e zbatuesve të projektit, NALAS dhe GIZ. Qëllimi i projektit është të mbështesë vetëqeverisjet dhe asociacionet lokale në forcimin e kapaciteteve të tyre të lidhura me zhvillimin dhe zbatimin e politikave dhe praktikave me përfshirjen sociale dhe ekonomike të grupeve të ndjeshme, me fokus të veçantë ndaj vajzave dhe grave në nivel lokal.

### Gjendjet aktuale në komuna për realizimin e kompetencave të sferës së mbrojtjes sociale

Pyetësori ishte i ndarë me një grup pyetjesh nga tre kategori: pozicionimi institucional, kapacitetet të cilat janë në dispozicion të komunave dhe financimi i këtyre shërbimeve. Sipas përgjigjeve të marra në lidhje me pozicionimin institucional të komunave për zbatimin e shërbimeve sociale, u konstatua se përqindja e komunave që kanë një departament për mbrojtje sociale është minimale, përkatësisht se këto obligime u janë transferuar departamenteve të punëve juridike dhe të përgjithshme, të zhvillimit ekonomik lokal, departamentit të veprimtarive publike dhe të ngjashme dhe më së shpeshti është caktuar vetëm një person, të cilit përveç obligimeve të sferës së mbrojtjes sociale i janë dhënë edhe obligime shtesë nga sfera të tjera. Ka edhe raste kur komuna në sistematizimin e saj ka parashikuar një vend pune për kryerjen e detyrave të punës së sferës së mbrojtjes sociale, por ai vend nuk është plotësuar. Në grupin e pyetjeve se cilat institucione për sigurimin e mbrojtjes sociale ekzistojnë në komunë, në numrin më të madh të përgjigjeve të cekura janë:

се: центрите за социјална работа (ЦСР) и дневните центри, потоа давателите на услуги (граѓански организации), Црвениот крст и центрите за вработување, како и самата општина.

Во однос на капацитетите со кои располагаат општините, според пристигнатите одговори, најголем број општини посочиле дека имаат изработено Програма за развој на социјалната заштита, Локален план за развој на социјалната заштита, стратегии за родова еднаквост, но има и општини кои не изготвиле ниту еден ваков документ, иако изработката на дел од нив претставува законска обврска за локалната власт. Од 25 одговорени прашалници, во 21 од нив е посочено дека во рамките на општината постои и функционира Советот за социјална заштита, а 14 општини потврдиле дека учествуваат во работата на регионалните совети за социјална заштита.

Во однос на финансирањето на услугите за социјална заштита, најголемиот број од одговорите кажуваат дека тоа оди преку централниот буџет (центрите за социјална работа), но позитивно е што поголем број од општините посочиле дека и самите издвојуваат средства за финансирање на овој вид услуги, односно дека плаќањето е комбинирано, а наведено е дека и дел од услугите се финансираат со донаторски средства. Минимален е процентот на општините (само две општини) што се запознаени со нивната можност за купување на услугите од областа на социјалната заштита, здравството и културата со примена на Законот за јавни набавки. Од услугите од социјалната заштита, развиени се или доминираат: услугите во домот (помош и нега во домот и лична асистенција), потоа услугите во заедницата (дневни центри и центри за рехабилитација) и вонинституционална социјална заштита (установа за стари лица во Берово). Од добиените одговори во однос на социјалните услуги и улогата на ЕЛС, најголем број општини одговориле дека нивната улога е обезбедување на простор за воспоставување на услугата и понатаму, за мониторинг при нејзината испорака, како и поддршка со кофинансирање на услугите со средства од општинскиот буџет. Соработката на ЕЛС со ЦСР е оценета со просечна оценка. Општините посочиле дека најголем дел од обврските што ги спроведуваат во однос на социјалната заштита не се префрлени во надлежност на локалната власт, иако граѓаните го очекуваат тоа, па оттука произлегува и причината зошто засега поголем број општини не располагаат со доволно административни капацитети за спроведување на ваква надлежност. Во следниот период ќе продолжиме со активности за застапување и лобирање пред централните институции за што се подготвува анализа на состојбата со процесот на децентрализација во социјалната заштита, како и споредбена анализа со добри примери од земјите во регионот во оваа област.

qendrat e punës sociale (QPS) dhe qendrat ditore, pastaj ofruesit e shërbimeve (organizatat e qytetarëve), Kryqi i Kuq dhe qendrat e punësimit, si dhe vetë komuna.

Sa i përket kapaciteteve që janë në dispozicion të komunave, sipas përgjigjeve të marra, numri më i madh i komunave kanë theksuar se kanë përgatitur Program për zhvillimin e mbrojtjes sociale, plan lokal për zhvillimin e mbrojtjes sociale, strategji për barazi gjinore, por ka edhe komuna që nuk kanë përgatitur asnjë dokument të këtillë, edhe pse përgatitja e një pjese të dokumenteve të këtij lloji paraqet një obligim ligjor për pushtetin lokal. Nga 25 pyetësorët e përgjigjur, në 21 prej tyre është specifikuar se në kuadër të komunës ekziston dhe funksionon Këshilli për mbrojtje sociale, ndërsa 14 komuna kanë konfirmuar se marrin pjesë në punën e këshillave rajonale për mbrojtje sociale.

Sa i përket financimit të shërbimeve të mbrojtjes sociale, pjesa më e madhe e përgjigjeve thonë se ai shkon përmes buxhetit qendror (qendrat për punë sociale), por është pozitive që një numër më i madh i komunave kanë specifikuar se ato vetë ndajnë mjete për financimin e këtij lloji shërbimi, përkatësisht se pagesa është e kombinuar, dhe është specifikuar se një pjesë e shërbimeve financohen me mjetet e donatorëve. Është minimale përqindja e komunave (vetëm dy komuna) që janë të informuara për mundësinë e tyre për të blerë shërbime të sferës së mbrojtjes sociale, shëndetësisë dhe kulturës me zbatim të Ligjit për prokurim publik. Nga shërbimet e mbrojtjes sociale, janë të zhvilluara ose dominojnë: shërbimet në shtëpi (ndihmë dhe kujdes në shtëpi dhe asistencë personale), pastaj shërbimet në komunitet (qendrat ditore dhe qendrat për rehabilitim) dhe mbrojtja sociale jashtë-institucionale (institucioni për personat e moshuar në Berovë). Nga përgjigjet e marra në sferën e shërbimeve sociale dhe rolin e NJVL-ve, numri më i madh i komunave janë përgjigjur se roli i tyre është të sigurojnë hapësirë për vendosjen e shërbimit dhe më tej për monitorim gjatë zbatimit të tij, si dhe mbështetje me bashkëfinancim të shërbimeve me mjete nga buxheti komunal. Bashkëpunimi i NJVL-ve me QPS-të është vlerësuar me notë mesatare. Komunat kanë theksuar se pjesa më e madhe e obligimeve që zbatojnë në sferën e mbrojtjes sociale nuk janë transferuar në kompetencë të pushtetit lokal, edhe pse qytetarët e presin atë, ndaj kjo është arsyeja se pse për tani një numër i madh komunash nuk kanë në dispozicion kapacitete të mjaftueshme administrative për të zbatuar kompetencën e këtillë. Në periudhën e ardhshme do të vazhdojmë me aktivitete për avokim dhe lobim para institucioneve qendrore, për të cilën gjë është duke u përgatitur analizë e gjendjes me procesin e decentralizimit në sferën e mbrojtjes sociale, si dhe analizë krahasuese me praktikat e mira nga vendet në rajoni në këtë sferë.





## МРЕЖАТА НА ТЕРИТОРИЈАЛНИТЕ ПРОТИВПОЖАРНИ ЕДИНИЦИ (ТППЕ) ПРИ ЗЕЛС ДИСКУТИРАШЕ ЗА АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ ВО ПРОТИВПОЖАРНАТА ЗАШТИТА

## RRJETI I NJËSIVE TERRITORIALE ZJARRFIKËSE (NJTZ) PRANË BNJVL-SË DISKUTOI PËR GJENDJET AKTUALE NË MBROJTJEN NGA ZJARRI



Мрежата на територијалните противпожарни единици (ТППЕ) при ЗЕЛС, после подолг период, повторно (на 24 октомври, 2024 година) се состана во административната зграда на Заедницата со цел да продолжи со активностите за лобирање за подобрување на условите на противпожарната заштита во земјата. На состанокот, освен командирите на ТППЕ присуствуваа и претставници од Независниот синдикат на пожарникари на Македонија. На првата дискусија што се однесуваше на избор на претседателство на Мрежата на ТППЕ (претседателството брои 8 члена, по еден член од секој од 8-те статистички региони во Републиката), беше заклучено командирите на сите ТППЕ од секој плански регион, поединечно да се состанат и да изберат свој член, како нивен претставник во претседателството, за потоа членовите на претседателството да изберат Претседател и еден Потпретседател на Мрежата. Оваа постапка вака е пропишана со Деловникот на Мрежата кој со последните измени во форма на пречистен текст е на сила од 2015 г. Поради тоа, присутните се договорија изборот да се спроведе на следната седница кога се очекува да присуствуваат и командирите кои на овој состанок не присуствуваа. Се дискутираше и за можноста за промена во Деловникот за работа на Мрежата, во насока да се овозможи избраниот претседател од секој регион да има и свој заменик, со цел обезбедување на поголема флексибилност во активностите .

Rrjeti i njësive territoriale zjarrfikëse (NJTZ) pranë BNJVL-së, pas një periudhe të gjatë, përsëri (më 24 tetor 2024) u takua në ndërtesën administrative të Bashkësisë me qëllim të vazhdimit të aktiviteteve për lobim për përmirësimin e kushteve të mbrojtjes nga zjarri në vend. Në takim, përveç komandantëve të NJTZ-ve, morën pjesë edhe përfaqësues nga Sindikata e Pavarur e Zjarrfikësve të Maqedonisë. Në diskutimin e parë, i cili kishte të bënte me zgjedhjen e kryesisë së Rrjetit të NJTZ-ve (kryesia numëron 8 anëtarë, nga një anëtar nga secili prej 8 rajoneve statistikore në Republikë), u konkluda se komandantët e të gjitha NJTZ-ve nga secili rajon planifikues duhet të takohen individualisht dhe të zgjedhin anëtarin e tyre, si përfaqësues i tyre në kryesi, që më pas anëtarët e kryesisë të zgjedhin kryetarin dhe një nënkryetar të rrjetit. Kjo procedurë është rregulluar kështu me Rregulloren e punës së rrjetit, e cila me ndryshimet e fundit në formën e një teksti të pastruar është në fuqi që nga viti 2015. Për këtë arsye, të pranishmit ranë dakord që zgjedhja të bëhet në seancën e radhës, kur pritet të marrin pjesë edhe komandantët që nuk morën pjesë në këtë takim. U diskutua edhe për mundësinë e ndryshimit të Rregullores së punës së rrjetit, me qëllim që kryetari i zgjedhur nga secili rajon të ketë zëvendësin e tij, me qëllim të sigurimit të një fleksibiliteti më të madh në aktivitete.





Во однос на втората точка на состанокот што се однесуваше на дискусија за актуелните состојби во областа на противпожарната заштита присутните беа информирани за иницијативата да се формира нова Работна група (во рамките на Министерството за одбрана) со членови од релевантни институции, меѓу кои и претставници од ЗЕЛС што ќе работат на редефинирање на веќе подготвената Работна верзија за нов Предлог на Закон за пожарникарство. Мислењата и ставовите на членовите на Мрежата се од особено значење во овој процес, поради што беше заклучено сите досегашни материјали и ставови преку ЗЕЛС ќе им бидат доставени на командирите за да подетално се запознаат и дискутираат на оваа тема на следниот состанок. Беа информирани дека досега во рамките на ЗЕЛС е утврдена документ „Отворени прашања во областа на противопжарната заштита на локално ниво", каде во 19 точки се изнесени сите најзначајни предизвици со кои се соочуваат ТППЕ во земјава и истиот може континуирано да се надградува. Станува збор за прашања од работен однос на пожарникарите; нивните звања; образовниот дел и надградувањето; опременоста/неопременоста на ТППЕ; набавка и баждарење на опремата; распределбата на средства за финансирање на противпожарната заштита и други прашања што се важни за соодветно функционирање на овие единици.

Присутните го отворија и прашањето на идниот развој и припадност на ТППЕ. Поточно беа изнесени видувања на функционирањето на овие единици во периодот кога биле во рамките на Министерството за внатрешни работи, потоа од 2005 во рамките на единиците на локална самоуправа и за начинот на нивното финансирање. Беше изнесено мислење дека можеби треба да се размислува да се лобира за отворање на посебна Агенција за противпожарна заштита во рамките на Владата, што би понудила поголема самостојност во управувањето со противпожарната заштита во нашата земја. Особено од аспект на обезбедување на соодветна опрема, потребен возен парк и услови за работа, наспроти досегашните несоодветни распределби што ги спроведуваат актуелните институции.

Следната седница на мрежата се очекува да се одржи во текот на месец ноември до кога до ЗЕЛС треба да бидат доставени записниците од одржаните поединечни средби на командирите во рамите на секој регион посебно, со кои на потпис до ЗЕЛС ќе бидат доставени предлозите за избор на членови на Претседателството на Мрежата, за ова Претседателство да биде потоа ставено на гласање и избрано со мнозинство од сите присутни членови на Мрежата.

Lidhur me pikën e dytë të takimit, diskutimin për gjendjet aktuale në fushën e mbrojtjes nga zjarri, të pranishmit u informuan lidhur me iniciativën për formimin e një grupi të ri pune (në kuadër të Ministrisë së Mbrojtjes) me anëtarë nga institucionet relevante, ndër të cilët edhe përfaqësues nga BNJVL-ja që do të punojnë në ridefinimin e versionit të punës tashmë të përgatitur për propozimin e ri të Ligjit për zjarrfikje. Mendimet dhe qëndrimet e anëtarëve të rrjetit janë të një rëndësie të veçantë në këtë proces, për këtë arsye u konstatua se të gjitha materialet dhe qëndrimet e deritanishme përmes BNJVL-së t'u dërgohen komandantëve për t'u njohur dhe diskutuar më hollësisht për këtë temë në takimin e radhës. Ata u informuan se deri më tani, në kuadër të BNJVL-së, është përpiluar dokumenti Çështjet e hapura në sferën e mbrojtjes nga zjarri në nivel lokal, ku në 19 pika janë shpjeguar të gjitha sfidat më të rëndësishme me të cilat ballafaqohen NJTZ-të në vend dhe i njëjti mund të përmirësohet vazhdimisht. Bëhet fjalë për çështje nga sfera e marrëdhënies së punës së zjarrfikësve, titujt e tyre, pjesa edukative dhe përmirësimi, pajisjet që i kanë NJTZ-të, prokurimi dhe mirëmbajtja e pajisjeve, shpërndarja e mjeteve për financimin e mbrojtjes nga zjarri dhe çështje të tjera që janë të rëndësishme për funksionimin përkatës të këtyre njësive.

Të pranishmit hapën edhe çështjen e zhvillimit të ardhshëm dhe përkatësisë së NJTZ-ve. Më konkretisht, u prezantuan pikëpamjet për funksionimin e këtyre njësive gjatë periudhës kur ishin në kuadër të Ministrisë së Punëve të Brendshme, pastaj nga viti 2005 në kuadër të njësive të vetëqeverisjes lokale dhe për mënyrën e financimit të tyre. U shpreh mendim se ndoshta duhet të mendohet të lobohet për hapjen e një agjencie të veçantë për mbrojtjen nga zjarri në kuadër të qeverisë, e cila do të ofronte pavarësi më të madhe në menaxhimin e mbrojtjes nga zjarri në vendin tonë. Sidomos nga aspekti i sigurimit të pajisjeve adekuate, flotës së nevojshme së automjeteve dhe kushteve të punës, kundrejt shpërndarjeve të deritanishme joadekuate që i zbatojnë institucionet aktuale.

Seanca e radhës e rrjetit pritet të mbahet gjatë muajit nëntor. Deri atëherë, në BNJVL duhet të dërgohen procesverbalet nga takimet e mbajtura individuale të komandantëve në kuadër të secilit rajon veç e veç, me të cilat deri në BNJVL për nënshkrim do të dërgohen propozimet për zgjedhjen e anëtarëve të kryesisë së rrjetit. Kjo kryesi pastaj duhet të vihet për votim dhe të zgjidhet nga shumica e të gjithë anëtarëve të pranishëm të rrjetit.





## ПРЕКУ МЕДИЈАЦИЈА СО МИНИСТРИТЕ ЗА ТРАНСПОРТ, ОБРАЗОВАНИЕ И ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ЗЕЛС ЌЕ ГИ ПОДДРЖИ ГРАДОНАЧАЛНИЦИТЕ НА КАРПОШ И СТРУМИЦА ВО НАДМИНУВАЊЕ НА ПРЕДИЗВИЦИТЕ

На поканата за заедничка средба на 28 октомври 2024 година, во административната зграда на ЗЕЛС, што ја упати претседателството на ЗЕЛС до двајцата градоначалници кои преку медиуми најавија излегување од членството на ЗЕЛС, се одзва само градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски. И покрај очекувањата, на средбата не се појави градоначалникот на Општина Струмица, Костадин Костадиновски. Средбата беше закажана со цел утврдување на реалните причини за незадоволството од ЗЕЛС и изнаоѓање на заеднички решенија за надминување на предизвиците.

Градоначалникот Јакимовски, на состанокот, уште еднаш ги повтори причините за јавно изречената поддршка на градоначалникот на Општина Струмица за излегување од ЗЕЛС, како и причините за неговата намера да го стори истото. Незадоволството особено беше насочено кон некоректниот и игнорантски однос на дел од министрите од Владата кон оваа општина, посочувајќи конкретни примери со министрите за транспорт и врски и за образование.

„Очекувам сериозна поддршка од ЗЕЛС и реакција до посочените министри и Владата во однос на моите укажувања и укажувањата на градоначалникот на Општина Струмица. Сигурен сум дека не сме единствени и дека секој градоначалник на овој или оној начин трпи одредени предизвици и игнорантски однос од централната власт. ЗЕЛС треба да нѐ заштити и во името на сите да ги заштити интересите на локалната власт во земјава“, рече Јакимовски на состанокот.

Претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, во присуство на двајцата потпретседатели на ЗЕЛС, Висар Ганиу, градоначалник на Општина Чаир и Перо Костадинов, градоначалник на Општина Валандово, како и на извршното раководство на ЗЕЛС, ја изнесе својата зачуденост за јавно изнесените ставови на двајцата градоначалници, особено што ниту еден од нив претходно, ниту усно ниту со писмен допис, не се обратил до ЗЕЛС за поддршка во разрешување на предизвиците. Тој нагласи дека не очекувал да ѝ се наштети на ЗЕЛС за нешто за кое нема директна причина.

„ЗЕЛС е место за дијалог и така треба да остане. Токму затоа и го свикав овој заеднички состанок, за да ги изнесеме причините и да најдеме решенија. Предлагам до крајот на оваа недела, јас, двајцата потпретседатели на ЗЕЛС и извршната директорка на ЗЕЛС да се сретнеме со министрите за транспорт, за образование, но и за земјоделство и во улога на медијатори да разговараме за можностите околу надминувањето на конкретните предизвици“, нагласи Ѓорѓиевски. Притоа, тој побара од градоначалникот Јакимовски уште еднаш да го преиспита изнесениот став за излегување од ЗЕЛС, на што му беше одговорено дека тоа ќе зависи од постигнатите резултати од претстојните разговори.

Потпретседателот на ЗЕЛС, Перо Костадинов, пак, нагласи дека претседателството на ЗЕЛС, како и

## PËRMES NDËRMJETËSIMIT ME MINISTRAT E TRANSPORTIT, ARSIMIT DHE BUJQËSISË, BNJVL DO T'I MBËSHTESË KRYETARËT E KOMUNAVE TË KARPOSHIT DHE STRUMICËS PËR T'I TEJKALUAR SFIDAT

Ftesës për mbajtjen e takimit të përbashkët në ndërtesën administrative të BNJVL-së, të cilën kryesia e BNJVL-së ua dërgoi dy kryetarëve të komunave të cilët javën e kaluar përmes mediave paralajmëruan tërheqjen nga anëtarësimi në BNJVL, iu përgjigj vetëm kryetari i Komunës së Karposhit, Stevço Jakimovski. Përkundër pritjeve, në takim nuk u paraqit kryetari i Komunës së Strumicës, Kostadin Kostadinovski. Takimi ishte caktuar me qëllim që të përcaktohen arsyet e vërteta të pakënaqësisë me BNJVL-në dhe të gjenden zgjidhje të përbashkëta për tejkalimin e sfidave.

Kryetari Jakimovski në takim edhe një herë ka përsëritur arsyet për mbështetjen e shprehur publikisht të kryetarit të Komunës së Strumicës për largimin nga BNJVL-ja, si dhe arsyet pse synon të bëjë të njëjtën gjë. Pakënaqësia u drejtua veçanërisht ndaj qëndrimit jo korrekt dhe injorant të disa prej ministrave të qeverisë ndaj kësaj komune, duke treguar shembuj konkretë me ministrat e transportit dhe lidhjeve dhe të arsimit.

-"Pres mbështetje serioze nga BNJVL-ja dhe reagim ndaj ministrave të përmendur dhe Qeverisë lidhur me indikacionet e mia dhe të kryetarit të Komunës së Strumicës. Jam i sigurt se nuk jemi të vetëm dhe se çdo kryetar komune në një mënyrë apo tjetër ballafaqohet me sfida të caktuara dhe qëndrimin injorant të pushtetit qendror. BNJVL-ja duhet të na mbrojë dhe në emër të të gjithëve të mbrojë interesat e pushtetit lokal në vend", tha Jakimovski në takim.

Kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski, në prani të dy nënkryetarëve të BNJVL-së, Visar Ganiu, kryetar i Komunës së Çairit dhe Pero Kostadinov, kryetar i Komunës së Vallandovës, si dhe të udhëheqjes ekzekutive të BNJVL-së, shprehu habinë e tij për qëndrimet e shprehura publikisht të dy kryetarëve të komunave, aq më tepër që asnjëri prej tyre paraprakisht nuk i është drejtuar BNJVL-së, as me gojë as me shkrim, për mbështetje në zgjidhjen e sfidave. Ai theksoi se nuk ka pritur që BNJVL të dëmtohej për diçka që nuk kishte asnjë arsye të drejtpërdrejtë për këtë.

"BNJVL është vend për dialog dhe kështu duhet të mbetet. Prandaj e thirra këtë takim të përbashkët për t'i thënë arsyet dhe për të gjetur zgjidhje. Propozoj që deri në fund të kësaj jave, unë së bashku me dy nënkryetarët e BNJVL-së dhe drejtoreshën ekzekutive të BNJVL-së, të takohemi me ministrat e transportit, arsimit, por edhe me ministrin e bujqësisë dhe në rolin e ndërmjetësuesve për të biseduar për mundësitë e tejkalimit të sfidave konkrete", theksoi Gjorgjievski. Në të njëjtën kohë, ai kërkoi nga kryetari Jakimovski që edhe një herë të rishqyrtojë qëndrimin e shprehur për largimin e tij nga BNJVL-ja, për të cilën gjë mori përgjigje se ajo gjë do të varet nga rezultatet e bisedimeve të ardhshme.

Nënkryetari i BNJVL-së, Pero Kostadinov, theksoi se kryesia e BNJVL-së, si gjithmonë, edhe tani është në







секогаш, и сега застанува во поддршка на своите колеги градоначалници  и дека со излегувањето од ЗЕЛС не се решаваат работите.  И тој се согласи дека не смее да се дозволи да се партизира ЗЕЛС, туку дека треба да останат сите обединети во изнаоѓањето начини за подобрување на состојбите во локалната власт, да се штитат интересите на општините и да се направат напори за продлабочување на децентрализацијата во земјата. „Потребна е поддршката на едни со други градоначалници за доброто на граѓаните и развивање на локалната власт“, нагласи Костадинов.

На средбата, свое видување изнесе и потпретседателот на ЗЕЛС, Висар Ганиу, кој посочи дека и тој и неговата општина се соочуваат со слични предизвици во однос на донесувањето планска документација, недостаток на финансиски средства од блок дотациите за образование и низа други состојби, но дека тоа е причина повеќе сите заедно, преку ЗЕЛС, да направат поголем притисок до Владата и до министерствата за  нивно поуспешно разрешување.

„ЗЕЛС е институција на сите општини во земјата и нивна силна алатка за тие здружени да постигнат повеќе за локалната самоуправа и за граѓаните“, нагласи Ганиу.

По состанокот, присутните излегоа заедно и дадоа изјави пред медиумите.

mbështetje të kolegëve kryetarë të komunave dhe se me largimin nga BNJVL-ja nuk zgjidhen çështjet. Edhe ai u pajtua se BNJVL-ja nuk duhet të lejohet të bëhet partiake, por të gjithë duhet të jenë të bashkuar në gjetjen e mënyrave për përmirësimin e gjendjes në pushtetin lokal, të mbrohen interesat e komunave dhe të bëhen përpjekje për thellimin e decentralizimit në vend. “Është e nevojshme përkrahja e kryetarëve të njëri-tjetrit për të mirën e qytetarëve dhe zhvillimin e pushtetit lokal”, theksoi Kostadinov.

Në takim, mendimin e tij shprehu edhe nënkryetari i BNJVL-së, Visar Ganiu, i cili theksoi se ai dhe komuna e tij ballafaqohen me sfida të ngjashme lidhur me miratimin e dokumentacionit planifikues, mungesën e mjeteve financiare nga bllok-dotacionet për arsim dhe një seri situatash të tjera, por se kjo është arsye më shumë që të gjithë së bashku përmes BNJVL-së të bëjnë më shumë presion mbi Qeverinë dhe ministritë për zgjidhje më të suksesshme të tyre.

“BNJVL është institucion i të gjitha komunave në vend dhe mjet i tyre i fuqishëm që ata të bashkuar të arrijnë më shumë për vetëqeverisjen lokale dhe për qytetarët,” theksoi Ganiu.

Pas takimit, të pranishmit dolën së bashku dhe dhanë deklarata para mediave.





ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT



**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ**
тел. +389 (0)2 30 99 033 | факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. "Копенхагенска" бр. 5, п. фах 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk

**INFORMACIONE PËR KONTAKT:**
tel. +389 (0)2 30 99 033 | faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. "Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk